# Изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ
# ОПШТИНА ПРИЛЕП
# 2013-2017

## ПРИОРИТЕТИ ЗА ПЕРИОДОТ 2013 – 2017

1. Изградба на индустриски економски зони „Прилеп 1“,
2. „Прилеп 2“, „Прилеп 3“ и слободна економска зона „Алинци“;
3. Изградба на пречистителна станица за отпадни
4. води во општина Прилеп со изградба на
5. канализациска мрежа и нова инфраструктура;
6. Фабрика за отпад за производство на
7. електрична енергија и био-гас;
8. Осовременување на градскиот стадион „Гоце Делчев“;
9. Реконструкција на влезовите во градот;
10. Реконструкција на Маркови Кули;
11. Изградба на детски градинки, реконструкција на
12. постојните и зголемување на нивните капацитети;
13. Ново училиште во населбата Сточен Пазар;
14. Реконструкција на основните и средни училишта со изградба на спортски сали во нив;
15. Доасфалтирање на улиците и допоплочување на тротоарите во градот

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Најголема предност на општината за наредниот период е новиот генерален урбанистички план, кој е од инвестициски карактер. Во него се предвидени нови индустриски зони, колективен станбен и индивидуален простор, трговски центри, училишта, хотели, спортски центри, цркви, градинки итн.
Слободната економска зона кај Алинци ќе биде еден од адутите за привлекување странски гринфилд-инвестиции од познати светски брендови, кои би отвориле нови работни места.

## Изградба на индустриските економски зони „Прилеп 1“, „Прилеп 2“ и „Прилеп 3“ и создавање услови за отворање други економски зони

Општина Прилеп дава приоритет кога станува збор за домашни и странски инвестиции во општината, бидејќи тие имаат голем придонес за локалниот економски развој и отворањето нови работни места. Со цел да се обезбедат услови за потенцијалните инвеститори, покрај успешната реализација и продажба на сите парцели од економската зона „Прилеп 1“, на територијата на нашата општина предвидена е изградба на уште две економски зони, „Прилеп 2“ и „Прилеп 3“. Во наредниот период, во индустриската зона „Прилеп 1“ претстои комплетна изградба на инфраструктура од страна на локалната самоуправа и започнување со изградба и отворање нови капацитети и погони.
Економската зона „Прилеп 2“ ќе биде лоцирана на просторот на Сточниот пазар, а „Прилеп 3“ наспроти Жито Прилеп. Зоната кај Сточниот пазар е на општинско земјиште и е подготвена со целосна инфраструктура. Исто така, до зоните е обезбедена потребната инфраструктура, а изградбата на истата внатре во зоните ќе биде дополнително реализирана со средства од локалната самоуправа и други од други извори на средства. Отворањето на овие зони и другите локации предвидени за инвеститори предвидуваат отворање на две до три илјади нови работни места.
Повеќе инвеститори веќе имаат покажано интерес и во наредниот период се очекува изградба на нови производствени погони и проширување на постоечките.
**Рок за реализација:** Во 2013 година е предвидена продажба на земјиште во „Прилеп 2“, а изградбата на индустриски капацитети за сите три зони во периодот 2013 – 2017.

Покрај гореспоменатите индустриски зони, чија реализација е извесна, со новиот генерален урбанистички план создадени се услови за изградба на нови индустриски капацитети на локациите кои се наоѓаат на излезот кон Македонски Брод, кон Крушево и кон Битола.

Исто така, покрај економските зони, ќе се продава и државно земјиште за реализација на инвестиции.
Како дополнителен стимул, Владата на Република Македонија дава поволност во однос на комуналиите за производни капацитети во зоните, кои ќе се намалат за 95% (односно ќе изнесуваат само 5%), а инфраструктурата ќе ја гради општината.

## Изградба на слободна економска зона во месноста Алинци

На четири километри од Прилеп, покрај магистралниот пат Прилеп – Битола предвидена е локација за изградба на слободна економска зона за нови гринфилд-инвестиции, која ќе биде една од новите 11 слободни економски зони кои ги планира Дирекцијата за слободни економски зони. За изградба на зоната се обезбедени 80 хектари. Таа ќе се гради по модули и како што ќе биде готов модулот, така ќе се дава на тендер за странски инвестиции. Целта на овој капитален проект е да се привлечат што поголем број странски инвеститори. Оваа економска зона ќе биде градена според моделот на зоната „Бунарџик“.
За да биде подготвена оваа локација, потребни се од 12 милиони евра, заради што подготовката ќе се реализира во фази.
Во тек е тендер за избор на изведувач за отпочнување на градежните работи на инфрастуктурата во зоната.
Со развојот на оваа слободна економска зона и другите индустриски зони, Прилеп станува една од најатрактивните општини во Македонија и пошироко во регионот, во однос на привлекување домашни и странски инвестиции.
**Буџет:** 12 милиони евра
**Извор на средства:** Влада на РМ (ТИРЗ)
Рок за реализација: 2013-2017

### Промоција на општина Прилеп и привлекување на домашни и странски инвестиции

Општинската власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ и во следниот мандат ќе продолжи да работи на директната промоција на општина Прилеп, при што дел од службите во општината директно ќе контактираат со потенцијални домашни и странски инвеститори и ќе им ги презентираат предностите кои ги нуди нашата општина.
Рок за реализација: континуирано.

### Отворање на новиот Трговски Центар Прилеп – „City Center“

Во Прилеп ќе биде отворен новиот трговски центар - „City Center“, чија изградба е во тек. Станува збор за инвестиција од приватен инвеститор, која ќе овозможи отворање на повеќе од сто нови вработувања. Предвидено е современиот трговски центар, да има и катни гаражи со над 400 паркинг места во строгиот центар на Прилеп. Вредноста на оваа приватна инвестиција е 12 милиони евра и ќе овозможи 300 нови работни места.
Обврска на општината е сообраќајно и партерно уредување на просторот околу трговскиот центар и правење природна врска меѓу старата чаршија и пазарот со овој трговски центар. Со оваа инвестиција, со пазарот и старата чаршија, Прилеп станува трговски центар за регионот.
**Буџет за реализација на обврските на општината:** 6 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

### Изградба на колективен станбен простор со трговско-деловни содржини

Со овој проект предвидена е изградба на современ трговски центар и станбен и деловен простор во Прилеп, на местото на старата општинска зграда и старата зграда на ЈКП Водовод. Обврска на општината е сообраќајно и партерно уредување на просторот околу комплексот. Деталниот урбанистички план е во завршна фаза.
Изградбата на трговскиот центар ќе ја реализира приватен инвеститор преку објавување јавен тендер, при што еден од условите ќе биде инвеститорот да изгради нови работни простории за сместување на постојната јавна администрација од подрачните министерства, која во моментот е сместена во стари дотраени бараки во старата општина. Рокот за објавување на тендерот е 2013 година.
**Буџет за реализација на обврските на општината:** 7 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2014-2017

### Изградба на современ транспортен центар со хотел, автобуска и железничка станица и јавен градски превоз

Општина Прилеп ќе добие нов транспортен центар, на потегот од железничката станица, противпожарниот дом и фабриката Жито Прилеп. Изработен е нов детален урбанистички план во чиј опфат се наоѓа новопланираниот современ транспортен центар со реконструирана железничка станица, новопланираната автобуска станица и современ паркинг, за што средства се обезбедени од Владата на Република Македонија преку европски фондови.
Се предвидува изградба на автобуска станица за локален, меѓуградски и меѓународен сообраќај, како дел од транспортниот центар. Исто така, ќе се изградат и придружни содржини на автобуската станица која треба да се најде на оваа парцела, што подразбира помошни инфраструктурни објекти, угостителски објекти, мали деловни единици, продавница за сувенири, бензинска пумпа и паркинг простор.
Проектот ќе го реализира приватен инвеститор, а самата реализација ќе значи и отворање на 60 нови работни места. Обврска на општината е поврзување на постоечката комунална инфраструктура.
**Буџет за реализација на обврските на општината:** 2 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

### Изградба на современ безистен со деловни простории

На локацијата на пазарот за сирење ќе биде изграден современ безистен со деловни простории и подземен паркинг за 100 возила. Проектот и локацијата ќе бидат понудени на електронско наддавање, со цел да се изнајде приватен инвеститор. Вредноста на оваа инвестиција е 10 милиони евра и истата ќе овозможи 150 нови вработувања. Инвеститорот, исто така, ќе овозможи дел од објектот да биде канцелариски простор на ЈП „Пазари“. Обврската на општината е поврзување со постојната комунална инфраструктура, партерно уредување и сообраќајно поврзување.
**Буџет за реализација на обврските на општината:** 3 милиони денари

**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2014

### Дислокација на млечниот пазар во рамките на постојаниот пазар, уреден по ХАСАП - стандарди

Ќе биде направена дислокација на млечниот пазар во рамките на постојниот пазар и истиот ќе биде уреден по ХАСАП - стандарди. Средствата ќе ги обезбеди локалната самоуправа, во соработка со ЈП „Пазари“.
**Буџет:** 3 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината и ЈП Пазари
Рок за реализација: 2013

### Гасификација на Прилеп преку вклучување во главниот гасовод „Јужен поток“

Со вклучувањето на Македонија во проектот „Јужен поток“ и проектот за Изградба на националната гасоводна мрежа, ќе се овозможи гасификација на општина Прилеп.
Со изградбата на секундарната и терцијарната мрежа ќе се овозможи пониски трошоци за греење за домаќинствата и за компаниите, како и пониски трошоци за енергенси на производствените капацитети кои ќе го користат гасот.
Рок за реализација: декември 2016 година

### Зајакнување на улогата на Економскиот совет на град Прилеп

Прилеп е прв град во Македонија што има основано Економски совет, во кој членуваат истакнати бизнисмени, претставници од јавните установи, од високото и средното образование, претставници од Синдикат, од невладиниот сектор. Советот има за цел решавање на стратешки проблеми од економско значење за општина Прилеп и иницирање на развојни проекти. Во наредниот период ќе ја зајакнеме улогата на овој совет со цел поддршка и стимулирање на локалната економија.
Рок за реализација: континуирано.

### Поддршка на малите и на средните бизниси

Ќе се стимулира развојот на постојните мали и средни бизниси. Ќе организираме обуки и работилници на кои малите и средните фирми од општина Прилеп ќе се едуцираат за применување современи методи и алатки за да го подобрат своето работење и конкурентност. Согласно можностите на општината и во соработка со донатори ќе обезбедиме средства за настап на бизнис-саеми на фирмите кои имаат најголем потенцијал за раст. Со тоа ќе придонесеме за подинамичен развој на малите и на средните претпријатија, бидејќи тие имаат потенцијал да креираат голем број нови работни места. Со помош на Министерството за информатичко општество и администрација, општина Прилеп ќе помага во создавањето електронски продавници.
Рок за реализација: континуирано.

## УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

### Изготвување детални урбанистички планови

Во наредниот период ќе бидат изработени детални урбанистички планови за населбите: Рид, Сточен Пазар, Жабино Маало, Точила, Варош, Тапани, Тризла и во останатите населби во Прилеп како и за околните населени места: Големо Коњари, Мало Коњари, Тополчани, Мажучиште, Селце, Канатларци, Кадино Село, Беровци и други. Ќе се изработуваат нови урбанистички планови и ќе се ревидираат постојните, со цел прилагодување на актуелните барања на граѓаните. Со тоа ќе се овозможи планирање на просторот на градот и населените места. До 2015 година, општина Прилеп ќе биде комплетно покриена со детални урбанистички планови, а тековно до 2017 година ќе се ревидираат постоечките планови.
Рок за реализација: 2013 – 2017

### Продолжување со изградба на колективен станбен простор и индивидуални куќи, односно дореализација на неодамна започнатата европска населба Градина

Општина Прилеп продолжува со изградбата на нова населба Градина, која ќе биде модерна европска населба за 13.000 жители. Населбата е на 1,5 км оддалеченост од строгиот центар на Прилеп. Инфраструктурата е предвидена по европски стандарди: широки улици, тротоари, велосипедски и пешачки патеки, енергетско ефикасно осветлување, централно греење, многу зеленило, градинка, училиште, спортски центри, трговски центри и се она што претставува модерна и урбана населба.

Населбата Градина е со површина од 42 хектари, со предвидени градежни парцели за станбени куќи, станбени згради, деловни објекти, големи трговски и угостителски единици, парцели за образовани институции, објекти за спорт и рекреација, како и парцели за комунална супраструктура, односно за изградба на трафостаници.
Веќе се продадени повеќе локации со намена за индивидуално домување (семејни куќи). Во наредниот период остануваме посветени на целосна реализација на овој урбанистички модерен проект, со цел унапредување на условите за квалитетно живеење и работа на граѓаните.
**Буџет:** 90 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

## Обезбедување локации за колективен станбен простор

Покрај населбата Градина, се подготвуваат и повеќе локации во Прилеп за изградба на згради и колективен станбен простор со деловни објекти, во централното градско подрачје и во други делови од градот. Локациите се:
„Стара општина", „Касарни", ул."11 Октомври" (спроти „Бонита"), спроти ЈКП Водовод (Брза помош), зад фабриката „Солидност", продолжение на населбата Точила. Со ова се овозможува обезбедување доволно станбен простор и намалување на цената на градежниот простор. На тој начин поголем дел од граѓаните ќе можат да ги искористат и бенефитите од проектот „Купи куќа, купи стан". Обврската на општината е изработка на планска документација и подготовка на земјиштето за продажба.
Рок за реализација: 2013 – 2017

## Обезбедување локации за деловен простор

Во Прилеп се подготвуваат повеќе локации за изградба на деловен простор и во други делови од градот. Со ова се овозможува комерцијален развој на Прилеп, развој на услужниот сектор и занаетчиството, поттикнување на претприемништвото и отворање микро и мали претпријатија кои ќе отворат нови работни места. Во рамките на локациите за изградба на колективен станбен простор, има компатибилност за изградба и на деловниот простор на површината од 20%. Обврската на општината е изработка на планска документација и подготовка на земјиштето за продажба.
Рок за реализација: 2013 – 2017

## Изградба на нови паркинг-места

Во наредниот четиригодишен период Прилеп ќе добие нови подземни и надземни катни гаражи, а ќе се разгледа и можноста, на одредени локации во централното градско подрачје, да се инсталираат и монтажни паркиралишта. Со тоа Прилеп ќе добие нови 1000 паркинг-места во централното градско подрачје (зад Градска кафеана и спроти „Солидност", по должината на покриеното речно корито, по Дабнички канал), со што ќе се овозможи поефикасно сервисирање на потребите на граѓаните.
**Буџет:** 4 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

## Осовременување на мостовите на градската река во градот и изградба на нови

Со овој проект се предвидува разубавување и осовременување на дел од постоечките мостови на градската река и изградба на нов мост. Ќе направиме реконструкција на оградата на мостовите на реката, осветлување и
реконструкција на самите мостови. Предвидена е изградба на два нови пешачки моста и тоа помеѓу ООУ "Кире Гаврилоски-Јане" и станбената населба Ѓогдере 2 и пешачки мост кој излегува на улицата кај музичкото училиште.
Капитален проект во однос на мостовите е изградба на нов мост со кружен тек кај Табана.Средствата за реализација на овој проект ќе ги обезбеди општината.
**Буџет:** 40 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

## Современ луна-парк за деца со картинг-патека на Могилата на непобедените

Ќе биде изграден современ луна парк за деца, со картинг-патека, со што општина Прилеп ќе има уште едно катче за рекреација и забава за најмладите.
Картинг-патеката и луна паркот ќе ги гради приватен инвеститор.
Рок за реализација: 2013 – 2016

## Изградба на нови детски игралишта во Прилеп и населените места

Продолжуваме во секоја урбана заедница и во секое населено место да градиме детски игралишта. Нови детски игралишта се предвидени на следните локации: населба Ѓогдере 2, урбана заедница „Рид", населба Тризла, населба „Сточен пазар, кај типските куќи, Точила 2, Точила 3, згради Бончејца, во Тополчани и на други локации по барање на граѓаните. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината и ЈКП „Комуналец".
**Буџет:** 20 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината и ЈКП Комуналец
Рок за реализација: 2013-2017

## Фабрика за селекција на отпад со можност за изградба на фабрика за производство на електрична енергија и био-гас

ЈКП „Комуналец" веќе има потпишано договор за купување на линија за секундарна селекција на отпад, која ќе биде монтирана во близина на сегашната градска депонија на површина од 6.000 метри квадратни.
Со интензивно темпо на работа за две до три години целосно ќе биде пречистена старата депонија и таа повеќе нема да постои. Селектираните материјали ќе се продаваат и тоа ќе претставува дополнителен приход за ЈКП „Комуналец".
Во 2015 година ќе се премине на вториот дел од проектот - изградба на компостара за арско ѓубриво, која ќе чини околу половина милион евра. На тој начин, Прилеп комплетно ќе може да го преработува целиот отпад, односно ќе нема повеќе отпад кој ќе се депонира. Со ова, сите таргети, според законите на ЕУ кои Македонија ќе треба да ги исполни до 2018 година, Прилеп ќе ги заврши во 2015 година.
Преку реализација на овој проект се отвораат нови перспективи за стопанството и создавање нови работни места. Кога ќе се изгради халата за секундарна селекција на отпадот, првично ќе бидат вработени 60 лица, а со доградбата на останатите придружни елементи и компостарата, таа фабрика би имала над сто нови вработувања.
Преку понатамошно инвестирање по пат на јавно приватно партнерство и набавка на нова технологија, би се овозможила изградба на фабрика за производство на електрична енергија и био-гас од самиот отпад.
**Буџет:** 60 милиони денари за првите две фази од проектот
**Извор на средства:** ЈКП Комуналец и приватен партнер
Рок за реализација: 2013-2017

## Примарна селекција на отпадот

Прилеп веќе ја спроведува примарната селекција на отпадот. Пред сите станбено-деловни комплекси се поставени контејнери за селекција на отпадот, а досега бесплатно се поделени 10.000 канти за селекција на отпадот кај индивидуалните домаќинства. Други 12.000 канти за отпад ќе бидат распределени во 2013 година и со тоа Прилеп во 2013 година, ќе може да врши комплетна преработка на целиот отпад.

## Изградба на пречистителна станица за отпадни води во општина Прилеп

Во Прилеп ќе биде изградена пречистителна станица за отпадни води со секундарно ниво на третман на отпадните води, согласно директивите на ЕУ.
Пречистителната станица е планирана за 95.000 еквивалент жители, со што ќе се овозможи заштита на водите на градската река. Вредноста на проектот е 28 милиони евра, а средствата се обезбедени во сооднос: 85% од ИПА – фондовите и 15% од Буџететот на РМ.
За пречистителната станица се наменети 11 милиони евра.
Изградба на 23 км канализација е предвидена во прва фаза со вредност од 6,2 милиони евра и во втора фаза, дополнителни 40 км канализација, во вредност од 9,1 милиони евра.
Бенефит од реализацијата на овој проект е тоа што Прилеп ќе добие комплетен третман на отпадните води, заштита на животната средина (од најзагадена, прилепската градска река ќе стане најчиста река во Република Македонија), враќање на растителниот и животинскиот свет во градската река и можност сите земјоделски производи кои се полеваат со вода од градската река во Прилепско Поле да се продаваат како еколошки земјоделски производи на сите пазари во светот, што е голема придобивка за земјоделците.
**Буџет:** 26,3 милиони евра
**Извор на средства:** ЕУ и буџет на РМ
Рок за реализација: 2013-2017

### Нова трафостаница и нова електрична мрежа во населбите Жабино Маало и Сточен Пазар
Ќе биде поставена нова трафостаница и спроведена нова електрична мрежа во населбите Жабино Маало и Сточен Пазар. Проектот ќе се реализира во соработка со ЕВН.
Рок за реализација: 2013–2014

### Нова трафостаница и нова мрежа во населба Мермерен Комбинат
Ќе биде поставена нова трафостаница и спроведена нова електрична мрежа во населбата Мермерен комбинат, на улица „Струшка“. Проектот ќе се реализира во соработка со ЕВН.
Рок на реализација: 2014

### Нова трафостаница и нова мрежа во населбата Тризла
Ќе биде поставена нова трафостаница и спроведена нова електрична мрежа во населбта Тризла. Проектот ќе се реализира во соработка со ЕВН.
Рок за реализација: 2014

### Воведување современ градски превоз
Ќе направиме напори, во наредниот период, да бидат воведени линии за сообраќајно поврзување на сите делови од градот и локации надвор од градот, битни за граѓаните, како што се градските гробишта. Ќе бидат набавени пет автобуси и неколку еколошки минибуси кои ќе работат на електричен погон.
Автобусите ќе бидат наменети за градски и училиштен превоз.
**Буџет:** 15 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2015

### Изградба на пешачки и велосипедски патеки низ центарот на градот
Со средства од буџетот на општината, ќе направиме пешачки и велосипедски патеки низ целиот град, со што ќе се зголеми безбедноста на пешаците и велосипедистите. Приоритет ќе се даде на главните улици, како што се бул. „Александар Македонски“, бул. „Гоце Делчев“, бул. „11 Октомври“, ул. „Војводинска“, ул. „Прилепски бранители“ и други.
**Буџет:** 10 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината и ЈКП Комуналец
Рок за реализација: 2013-2017

### Современо обележување на улиците, плоштадите, музеите, парковите, куќите и зградите во градот
Во новиот мандат, на улиците во општина Прилеп, плоштадите, музеите, парковите и станбените објекти, ќе извршиме обележување со нови табли, додека дел од локациите во централното градско подрачје ќе бидат обележани со дигитални екрани.
**Буџет:** 6 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината и ЈКП Комуналец
Рок за реализација: 2013-2017

## КОМУНАЛНИ РАБОТИ

### Изградба на инфраструктура во индустриските зони
Ќе биде изградена комплетна инфраструктура во индустриските зони „Прилеп 1“ и „Прилеп 2“, со средства од локалната самоуправа. Исто така, ќе започне изградба на комплетна инфраструктура во слободната економска зона кај Алинци, со средства од Владата на Република Македонија. Целта е да им се овозможат комплетни услови за работа на потенцијалните домашни и странски инвеститори.
**Буџет:** 60 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

### Изградба на потпорни ѕидови
Во наредниот период продолжуваме со изградба на потпорни ѕидови на улиците:
- ул. „Св.Јован Бигорски“ (рок за реализација: 2013);
- ул .„Пере Тошев“ (рок за реализација: 2013);

- ул. "Слобода" (рок за реализација: 2013);
- ул. "Преспанска" (рок за реализација: 2013);
- ул. "Прохор Пчински" (рок за реализација: 2013);
- ул. „Благоја Крстески" (рок за реализација: 2013 – 2014);

**Буџет:** 10 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2016

### Изградба на кејски ѕидови

Во наредниот период продолжуваме со изградба на кејски ѕидови на следните места:

- по горниот и долниот тек на градската река, во должина од 1,2 километар;
- по текот на Дабнички канал, во должина од 400 метри;

**Буџет:** 25 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

## ВОДОВОД

Планирана е реконструкција на водоводната мрежа, продолжение на успешно завршениот проект од КФВ Банката, со нови 60-70 км, во износ од 80 милиони денари финансирани од сопствени извори. Со реализацијата на овој проект ќе биде променета водоводната мрежа во градот, со што Прилеп, како единствен град во Македонија со најмали контролирани загуби во водоснабдителниот систем ќе има преку 90% заменети азбестни цевки.
Тенденција ќе биде сите водоснабдителни системи во населените места кои се реализирани од сопствени извори, со одлука на Советот да бидат ставени под управување и одржување на ЈКП „Водовод и канализација" – Прилеп.
Такви се: системите за водоснабдување во селата Подмол, Ерековци, Веселчани, Лопатица...
Водоснабдителните системи во селата Загорани, Чепигово, Тројкрсти, се веќе под управување и одржување на ЈКП Водовод и канализација, а останатите ќе бидат ставени по нивната изградба.
**Буџет:** 80 милиони денари
**Извор на средства:** ЈКП Водовод и канализација
Рок за реализација: 2013-2017

### Пумпна постројка Бегова Ливада - Потисен цевковод (потег од постојна собирна шахта до приклучно место на градската водоводна мрежа)

Со реализацијата на овој проект ќе се добие непречено и квалитетно водоснабдување на градот Прилеп. Со овој проект се очекува да се добијат дополнителни 100-120 литри во секунда. кои ќе користат во период на недоволен доток на вода од регионалниот систем Студенчица. Ќе бидат изградени препумпни станици за регулирање на притисокот на водата во високите делови од градот и на почетокот од 2013 година ќе бидат ставени во функција десет бунари.
**Буџет:** 40 милиони денари
**Извор на средства:** ЕИБ
Рок за реализација: почеток на 2013

### Проект за далечинско читање на водомери

Ќе продолжиме со поставување на далечински читачи, проект кој е започнат пред неколку години и успешно функционира.

### Поставување инструменти за детектирање на дефекти во мрежа, со што уште повеќе ќе се намалат загубите на вода

Тековно ќе бидат поставувани мерачи, со цел полесно откривање на дефектите во мрежата, што ќе значи дополнително намалување на загубите на вода.
Рок за реализација: 2013 – 2017

### Поставување мерачи за проток за контролирање и управување на целокупната вода во градската мрежа

Мерачите за проток за контролирање и управување на целокупната вода во градската мрежа ќе бидат обезбедени од ЈКП Водовод и канализација.
**Буџет:** 6 милиони денари
**Извор на средства:** ЈКП Водовод и канализација

Рок за реализација: 2013-2014

**Изработка на студија и отпочнување на проекти за нови акумулации**
Ќе биде изработена студија и ќе се отпочне со реализација на проекти за нови акумулации во околината на градот Прилеп, кои ќе бидат идни алтернативни извори за водоснабдување и наводнување на Прилепско Поле. Проектот ќе го реализираат заеднички општина Прилеп, ЈКП Водовод и канализација и ЈКП Прилепско поле.
Рок за реализација: 2013 –2014 студија и проекти, а започнување со реализација на проекти во 2015 година.

**Дупчење нов бунар во Кадино Село**
Ќе биде издупчен нов бунар во Кадино Село и истиот ќе биде приклучен во постоечката мрежа.
**Буџет:** 2 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

**Нови водоводни мрежи во населените места**
Со овој проект е предвидена изградба на водоводни мрежи во населените места Лениште, Манастир, Лопатица, Клепач и Селце – манастир Св. Димитрија. Средствата се обезбедени од буџетот на општината
**Буџет:** 20 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

**КАНАЛИЗАЦИЈА**
**Реконструкција и проширување на канализациската мрежа во општина Прилеп**
Ќе биде извршена реконструкција и проширување на 23км километарска канализациска мрежа во општина Прилеп. Вредноста на проектот е 6,2 милиони евра, а средствата се обезбедени во соодност 85% од ИПА – фондовите и 15% од Буџетот на Република Македонија.
Улици кои ќе бидат асфалтирани по реализација на фекалната канализација (I фаза) од проектот Пречистителна станица:
- улица „Тризла“;
- сите неасфалтирани улици во населбата Чачорица;
- улици во населба Тризла:” Дравска”, “Беровска”, “Маркови Кули”, “Раде Иваноски”, “Моравска”, “Богомила”, “Кораб”, “Сремска”, “Косовска”;
- улици во населбата Сточен Пазар: “Савска”, “Кеј 1-ви Мај” и “Кеј 9-ти Септември”;
- улици во населбата Тапани: “Динара”, “Рампо Стојаноски”, “Јордан Грабулоски”.

**Буџет:** 6,2 милиони евра
**Извор на средства:** ЕУ и Буџет на Република Македонија
Рок за реализација: 2013-2014

**Проширување на канализациската мрежа во општина Прилеп (II фаза)**
Ќе се направи проширување на дополнителни 42км канализациска мрежа во општина Прилеп.Вредноста на проектот е 9,1 милиони евра, со средства кои се обезбедени во соодност: 85% од ИПА – фондовите и 15% од Буџетот на Република Македонија.
**Буџет:** 9,1 милиони евра
**Извор на средства:** ЕУ и Буџет на Република Македонија
Рок за реализација: 2014-2017

**ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА**
**Изградба на фекална канализациска мрежа со систем за прочистување во населеното место Канатларци**
Канатларци, за првпат во историјата ќе добие фекална канализација, ќе се реши овој вековен проблем, по барање на граѓаните, со што ќе се заштити животната средина и најплодниот дел од Прилепско Поле. Средствата во износ од половина милион евра, се обезбедени од ЕИБ (Европска Инвестициона Банка).
**Буџет:** 30 милиони денари
**Извор на средства:** ЕИБ
Рок за реализација: 2013-2014

### Изградба на фекална канализација за прочистување во населеното место Големо Коњари

Големо Коњари, за првпат во историјата ќе добие фекална канализација, со што ќе се реши овој вековен проблем, по барање на граѓаните. Со тоа ќе се заштити животната средина и најплодниот дел од Прилепско Поле.
**Буџет:** 30 милиони денари
**Извор на средства: ЕИБ**
Рок за реализација: 2013-2014
Локалната самоуправа ќе пристапи кон изградба на канализации и во другите поголеми населени места, како Мало Коњари, Тополчани, Мажучиште, Беровци, Галичани... Техничката документација е во тек на изработка.

### Продолжување со нивелирање на шахтите

Ќе се продолжи со нивелирање на шахтите од фекалната и атмосферската канализација, во соработка со ЈКП Водовод и канализација. Средствата ги обезбедува општината
Рок на реализација: континуирано.

### Атмосферска канализација

Изградба на нова атмосферска канализација на улици каде што воопшто ја нема. Ќе се регулира и атмосферскиот канал по ул. "Мечкин Камен". Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на локалната самоуправа и ЈКП Водовод и канализација, а реализацијата ќе се одвива тековно во наредните четири години.
**Буџет: 15 милиони денари**
**Извор на средства: буџет на општината**
Рок за реализација: 2013-2017

### Набавка на специјални возила за потребите на ЈКП Водовод и канализација

Предвидена е набавка на специјални возила за потребите на ЈКП Водовод и канализација и осовременување на опремата (SCADA системот). Средствата ќе ги обезбеди јавното комунално претпријатие.
**Буџет: 11 милиони денари**
**Извор на средства: ЈКП Водовод и канализација**
Рок за реализација: 2013-2017

## УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

### Поставување на штедливи, енергетски ефикасни улични светилки

Прилеп е прва и единствена општина во Република Македонија која целосно спроведе замена на постојните улични светилки со нови, штедливи. Тоа придонесе општината годишно да остварува заштеда од 10 милиони денари, кои повторно се инвестираат во подобрување и одржување на осветлувањето во општината.
И понатаму ќе продолжиме со изградба на ново улично осветлување со штедливи светилки, како на пример кај новиот влез од Лук Оил, влезот кај хотелот Салида, новата населба Градина, новите индустриски зони и на други локации. За реализација на овој проект предвидени се средства од буџетот на општината и континуирано ќе се обезбедуваат во буџетите за наредните години.
**Буџет:** 18 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

### Осветлувањето на Маркови Кули

Со овој проект се предвидува целосно осветлување на Марковите Кули, кои се симбол на градот. Со осветлувањето ќе се разубави целиот комплекс и кулите и специфичната конфигурација на карпите. Со ова ќе се зголеми атрактивноста на локалитетот и посетеноста на Марковите Кули и Прилеп.
Средствата ќе бидат навремено обезбедени од буџетот на општината.
**Буџет:** 3 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2014

**ТРОТОАРИ, ПАРКОВИ, ФОНТАНИ И ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ**

Ќе продолжиме со тенденцијата да станеме „најзелен“ град во Македонија преку зголемување на нови парковски површини во Прилеп и населените места и преку континуирано уредување на постојните. Со тоа ја потврдуваме грижата за животната средина и потребите на граѓаните на општина Прилеп.

**Нов плоштад со парк пред новоизградената црква „Св.Петка“ во населбата Точила**

Ќе изградиме плоштад и парк пред црквата “Св.Петка”, во најголемата населба во општина Прилеп. Населбата Точила ќе добие современ урбан лик, партерно уредување со зелени површини. Средствата ќе бидат навремено обезбедени од буџетот на општината за 2014 година.

**Буџет:** 3,5 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2014

**Реконструкција и поплочување на центарот на градот**

Ќе бидат изведени реконструкција и поплочување на центарот на градот, ул. „Борка Талески“ на потегот од ООУ „Кочо Рацин“ до раскрсницата на булевар „Гоце Делчев “ и „Прилепски Бранители“, со мемерни и гранитни плочи, со модерно осветлување и хортикултурно уредување и урбана опрема (столчиња, клупи, корпи за отпадоци). Ќе биде уредена површина од 7.000 м2.

**Буџет:** 25 милиони денари
**Извор на средства: буџет на општината**
Рок за реализација: 2013-2014

**Покривање и партерно уредување на Дабничка Река, на потегот од касарната „Мирче Ацев“ до вливот на градската река**

Со овој проект е предвидено целосно покривање на каналот на Дабничка Река, со што ќе се подобри животната средина. Со спојување на двете улици ќе се добие булеварско решение, со зелен појас на средина, модерно енергетски ефикасно осветлување, нови деловни објекти, паркинг простор, детски игралишта и други содржини.

**Буџет:** 60 милиони денари
**Извор на средства:** Светска банка
Рок за реализација: 2013-2014

**Доасфалтирање на улиците и допоплочување на тротоарите во градот**

Согласно расположливите средства на општината, ќе пристапиме кон доасфалтирање допопоплочување на тротоарите на долунаведените улици во Прилеп:
ул. “Савска”, ул. “Андон Слабејко”, крак на ул. “Богомилска”-“Дравска” и на ул. “Дравска-“Мавровска”, крак на ул. “Беровска”, крак од ул. “Толе Паша”- “Маркови Кули”, крак од ул. “Раде Иваноски”, ул. “Маркови Кули”, ул. “Марковска 2”, гл. колектор “Димо Наредникот”, крак од ул. “Ѓорче Петров”, „Егејска“, крак од ул. “Тризла”, “Ѓорче Петров”, гл. колектор ул. “Тризла”, гл. Колектор на ул. “Андон Слабејко”, “Кеј 1ви Мај”, “Кеј 9-ти Септември”, ул. “Блаже Темелкоски”, ул. “Драган Димески”, гл. колектор на Сточен Пазар, ул.”Цар Самоил” (гл. колектор), ул. “Блаже Иваноски”, ул. “Леце Котески”, ул. “А.Македонски”, ул. “15-ти Корпус”, ул. “11-ти Октомври”, ул. “Дабнички завој”, “Кеј 19-ти Септември”, ул. “Динара”, ул. “Јордан Грабулоски”, ул. “Рампо Стојаноски”, нас. Чачорица, ул. “Мице Козар”, ул.“Вера Циривири”, ул. “Јоска Јорданоски”, ул. “Богомила”, ул “.Сремска”, ул. “Косовска”, и ул.”Кораб”.

**Буџет:** 160 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

**Проект „Целосно допокривање и осветлување на Зелениот пазар“**

Предвидено е да се заврши во целост допокривањето на Зелениот пазар во Прилеп, со што ќе се подобрат условите за работа на пазарџиите и ќе може да се продолжи времето на работа и во вечерните часови.

**Буџет:** 6 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

**Продолжување со изградба на цветните патеки во строгиот центар на градот**

Предвидено е претворање на улиците во пешачки зони, со цел поголема достапност до дуќаните, поголема безбедност на пешаците и подобрување на условите за трговијата. Ќе бидат поплочени следните улици:

- уличките од старата чаршија и просторот околу новиот трговски центар „City Center" – Прилеп;
- ул.„Андон Слабејко" од старата автобуска станица до улицата„Димо Наредникот";
- ул.„Сотка Георгиевски" зад катната гаража.

**Буџет:** 7 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2014

**Обновување на фасадите во централното градско подрачје**

Во континуирана соработка со бизнис секторот, општина Прилеп ќе продолжи со бојадисување на фасадите на зградите во централното градско подрачје. Средствата за реализација на овие активности се обезбедуваат во соработка со бизнис секторот.
Рок на реализација: континуирано.

**Нов парк на просторот помеѓу зградите во населбата Бончејца**

Заедно со ЈКП Комуналец, ќе биде направен нов парк на просторот помеѓу зградите во населбата Бончејца, што ќе предвидува зелени површини, пешачки патеки, корпи за отпадоци, модерно осветлување, паркинг простор, детски игралишта со реквизити, водени површини (езерца и фонтани) и сл.
Рок за реализација: 2013– 2014

**Нов парк на просторот помеѓу зградите во населбата Ѓогдере**

Во соработка со ЈКП Комуналец ќе биде направен нов парк на просторот помеѓу зградите во населбата Ѓоргдере (зелени површини, пешачки патеки, корпи за отпадоци, модерно осветлување, паркинг простор, детски игралишта со реквизити, водени површини (езерца и фонтани), спортско игралиште за кошарка и пинг-понг и сл.
Рок на реализација: 2013

**Нов парк во населбата Вишне 2 (типски куќи)**

Заедно со ЈКП Комуналец, ќе биде направен нов парк на просторот кај новата црква „Св.Елена и Константин", што ќе предвидува зелени површини, пешачки патеки, корпи за отпадоци, модерно осветлување, паркинг простор, детски игралишта со реквизити, водени површини (езерца и фонтани) и сл.
Рок на реализација: 2013

**Нов парк помеѓу зградите во населбата Вишне**

Заедно со ЈКП Комуналец ќе биде направен нов парк на просторот помеѓу зградите во населба Вишне во близина на касарната „Мирче Ацев", што ќе предвидува зелени површини, пешачки патеки, корпи за отпадоци, модерно осветлување, паркинг простор, детски игралишта со реквизити, водени површини и сл.
Рок на реализација: 2013

**Нов парк пред касарната „Мирче Ацев"**

Заедно со ЈКП Комуналец ќе биде направен нов парк на просторот помеѓу зградите во населбата Вишне, што ќе предвидува зелени површини, пешачки патеки, корпи за отпадоци, модерно осветлување, паркинг простор, детски игралишта со реквизити, водени површини и сл.
Рок на реализација: 2013

**Нов детски парк во урбаната заедница „Рид" во близина на старото училиште „Кочо Рацин"**

Заедно со ЈКП Комуналец ќе биде направен нов парк во урбана заедница „Рид" во близина на старото училиште „Кочо Рацин". Во овој парк е предвидено да има детски реквизити, лулашки и клупи.
Рок на реализација: 2013

**Нов парк во дворот на гимназијата „Мирче Ацев"**

Заедно со ЈКП Комуналец ќе биде направен нов парк во дворот на гимназијата „Мирче Ацев".
Рок за реализација: 2013

### Нов парк во дворот на ООУ „Гоце Делчев“
Заедно со ЈКП Комуналец ќе биде направен нов парк во дворот на ООУ „Гоце Делчев“
Рок за реализација: 2014

### Нов парк за домашни миленици
Кај Могилата на непобедените, ќе има посебен дел во Паркот на револуцијата, кој ќе биде наменет за домашни миленици. Во паркот, исто така, ќе има и реквизити за домашните миленици. Средствата ќе ги обезбеди општината.
Рок за реализација: 2014

### Уредување на парковските површини „Точила 2“ и „Точила 3“
Рок на реализација 2013-2014

### Уредување и одржување на Паркот на револуцијата – Могила на непобедените
Рок за реализација: континуирано

### Реконструкција/уредување на паркот кај Народниот театар “Војдан Чернодрински”
Рок на реализација 2013-2014

### Скејт-парк пред Спортската сала „Македонија“
На просторот пред Спортската сала Македонија ќе биде изграден скејт-парк со што ќе се збогати спортската понуда, особено за најмладите категории.
**Буџет: 2 милиони денари**
**Извор на средства: буџет на општината**
Рок за реализација: 2013

### Паркови во населените места
Во тек е изградба на паркови со детски игралишта во следните населени места:
- Мало Коњари - рок за реализација: почетокот на март, 2013;
- Големо Коњари – рок за реализација: 2013;
- Чепигово – рок за реализација: 2013;
- Тополчани – рок за реализација: 2013;
- Ерековци – рок за реализација: 2013;
- Галичани – рок за реализација: 2013.

Исто така, ќе направиме и други помали паркови со детски игралишта во останатите населби во Прилеп каде што дозволува просторот и во другите населените места. Покрај новите паркови, ќе водиме грижа и за одржување и реконструкција на постојните.

## ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Проект „Реконструкција и рехабилитација на улицата „Моша Пијаде“ („Александар Македонски“) – Фаза 1
Улицата “Моша Пијаде” (“Александар Македонски”) е главна магистрална улица во Прилеп. Постојната сообраќајница е стара повеќе од 30 години и е со просечна широчина од 7 метри. Со оглед на фактот дека истата не е посериозно реконструирана во изминатиот период, улицата е многу оштетена и не ги задоволува стандардите за одвивање безбедента и рехабилитацијата на улицата “Моша Пијаде” (“Александар Македонски”) се однесува на реконструкција на влезот кон градот Прилеп во должина од 800 метри. Се работи за комплексен зафат, кој предвидува: проширување на коловозните ленти, замена на асфалтни површини, уредување на пешачки патеки, уредување на зелен појас и осветлување.
**Буџет:** 36 милиони денари
**Извор на средства:** Светска Банка и буџет на општината
Рок за реализација: 2013

**Проект „Реконструкција и рехабилитација на улицата „Моша Пијаде“ („Александар Македонски“) – Фаза 2**

Со цел да се обезбеди целосна реконструкција на улицата “Моша Пијаде”, која е главна магистрална улица во Прилеп, втората фаза од реконструкцијата ќе се финансира преку МСИП 2.

Втората фаза од реконструкција и рехабилитација на улицата “Моша Пијаде” се надоврзува на првата фаза и започнува од бензинската пумпа Макпетрол и завршува до раскрсницата Солидност, односно во должина од 1.075м. Се работи за комплексен зафат, кој предвидува: проширување на коловозните ленти, замена на асфалтни површини, уредување на пешачки патеки, велосипедски патеки и осветлување.

Генерално, реконструкцијата на магистралната улица “Моша Пијаде” директно ќе влијае врз подобрување на безбедноста и комфорот во сообраќајот, современ транспорт и комуникации, зголемена сигурност на пешаците, забрзан развиток на стопанските активности како и поттикнување на социјалните и рекреативните активности на населението кое живее покрај улицата.

По реализацијата на потпроектот, Општината ќе троши помалку средства за тековно одржување на улицата, и заштедите ќе може да ги насочи кон финансирање на други општински инвестиции. Исто така, имплементацијата на потпроектот ќе придонесе кон зголемување на вредноста на имотот, со што ќе се зголемат општинските приходи од наплатата на даноците на имот.

**Буџет:** 48 милиони денари

**Извор на средства:** Светска Банка и буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2014

**Реконструкција на влезот од Битола од хотелот Салида до раскрсницата Чумовчанец**

Предвидено е да се реконструира влезот на градот од клучката кај хотелот Салида до раскрсницата Чумовчанец. Средствата за реализација на овој проект ќе бидат обезбедени од буџетот на локалната самоуправа за 2014 и 2015 година.

**Буџет:** 10 милиони денари

**Извор на средства:** буџет на општината

Рок за реализација: 2014-2015

**Реконструкција на булеварската улица од хотелот „Липа“ до „Кеј 1ви мај“**

**Буџет:** 2 милиони денари

**Извор на средства:** буџет на општината

Рок за реализација: 2014-2015

**Изградба на двосмерна булеварска улица на ул. „Прилепски бранители“ (стара улица „Марксова“)**

Средствата за реализација на овој проект ќе бидат обезбедени од буџетот на локалната самоуправа за 2016 и 2017 година.

Буџет: 3 милиони денари

Извор на средства: буџет на општината

Рок за реализација: 2016-2017

**Проширување на мостот „Табана“ со изградба на кружен тек**

Со проширување на мостот „Табана“ и изградбата на кружниот тек, ќе се подобри одвивањето на сообраќајот и безбедноста на пешаците и ќе се отстрани тесното грло. Исто така, визуелно ќе се подобри ликот на градот. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на локалната самоуправа за 2015, 2016 и 2017 соодветно.

**Буџет:** 30 милиони денари

**Извор на средства:** буџет на општината

Рок за реализација: 2015-2017

**Проект “Изградба на пат до манастирот Трескавец“**

Општина Прилеп, во новиот мандат, ќе го догради патот до манастирот Трескавец. Вкупната должина на патот е 7,5 км, а ширината на коловозот 3,5 метри. Во Буџетот на Република Македонија за 2012 година за реализација на овој проект утврдени се средства во висина од 6.000.000 денари. Во Развојниот буџет на Република Македонија за 2013 година планирани се средства во висина од 10.000.000 денари и во Буџетот на Република Македонија за 2014 година планирани се средства во висина од 78.000.000 денари.

**Буџет:** 94 милиони денари

**Извор на средства:** буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013-2014

**Реконструкција на малиот мост кај новиот трговски центар „City Center“ - Прилеп**

Со овој проект е предвидена реконструкција на малиот мост кај новиот трговски центар „City Center“ - Прилеп, заради подобрување на комуникацијата на двата дела од градот, старата чаршија и црквата “Св.Благовештение”.
**Буџет:** 1,5 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

**Изградба на пешачки мост помеѓу зградите во населбата Ѓогдере и ООУ „Кире Гаврилоски - Јане“**

Со изградбата на пешачкиот мост ќе се подобри безбедноста на пешаците, особено на учениците кои гравитираат кон ООУ „Кире Гаврилоски - Јане“.
Средствата ќе ги обезбеди општината.
**Буџет:** 1,5 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

**Изградба на пешачки мост на улицата „Кеј 19ти Септември” и „Кеј 1ви Мај” (покрај куќата на Бектешовци)**

**Буџет:** 1,5 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

**Пробивање на улица „Кеј 1ви Мај“**

Пробивањето ќе се изврши во горниот и долниот дел по течението на градската река. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на локалната самоуправа.
**Буџет:** 12 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013 – 2016

**Продолжување на изградба на кружни текови на раскрсниците во градот**

Заради подобрување на градскиот сообраќај, продолжуваме со изградба на кружни текови на раскрсниците во Прилеп, поточно кај поштата, кај пожарната станица (сега нов транспортен центар) и кај раскрсницата Солидност.
Средствата за реализација на овој проект ќе бидат обезбедени од буџетот на локалната самоуправа.
**Буџет:** 25 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

**Во новиот мандат, со цел подобрување на инфраструктурата на општина Прилеп, ќе извршиме реконструкција на следните општински патишта:**

- реконструкција на општинскиот пат с. Беровци – с. Галичани, во должина од 1686м., кој ќе биде завршен во првата половина на 2013 година;
- реконструкција на општинскиот пат с. Клепач – с. Ерековци, во должина од 2564м., кој ќе биде завршен во првата половина на 2013 година;
- реконструкција на општинскиот пат с. Алинци – с.Шелеверци, во должина од 2411м., кој ќе биде завршен во 2013 година;
- реконструкција на општинскиот пат Прилеп – с.Маркова чешма, во должина од 617м. со вредност од 3,3 милиони денари, кој ќе биде завршен во втората половина на 2013 година и изградба на општински пат до манастирот “Св.Петка“ с .Лениште;.

Изградба на улици во населените места Г.Коњари, М.Коњари, Беровци, Тополчани, Канатларци, Кадино, Мажучиште - со средства од локалната самоуправа.
Останатите улици во градот ќе бидат доасфалтирани по изградбата на канализационата мрежа за пречистителната станица. Исто така, ќе бидат рехабилитирани постоечките асфалтни улици со нов слој асфалт, соодветно на потребите. Континуирано ќе се пополнуваат дупките на улиците.
**Буџет:** 70 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината, ЕБРД
Рок за реализација: 2013-2017

# ОБРАЗОВАНИЕ

## Проект „Реконструкција на средни и основни училишта“

За обезбедување на квалитетни просторни услови за одвивање на наставата во основните и средните училишта, ќе реконструираме дел од училишната инфраструктура во Прилеп. Ќе извршиме реконструкција на следните учи-
лишта:

- ООУ „Гоце Делчев“ – реконструкција на санитарните јазли;
- ООУ „Кире Гавриловски – Јане“ – реконструкција на системот за греење;
- СОУ „Мирче Ацев“ – реконструција на прозорците;
- СОУ „ Кузман Ј. Питу“ – изградба на нови училници;
- ООУ „Блаже Конески“ – целосна реконструкција на санитарните јазли и целосна промена на столаријата;
- ООУ во Варош, ПУ на ООУ „Блаже Конески“ - санација на училниците;
- ООУ „Климент Охридски“ – целосна промена на внатрешните врати, санација на подовите, уредување на училишниот двор;
- ООУ „Рампо Левката“ – санација на спортското игралиште и санација на скаличниот простор;
- ООУ „Кочо Рацин“ – целосна промена на столаријата и нова фасада во класичен стил;
- СОУ „Ѓорче Петров“ објект кај железничката станица – целосна реконструкција на зградата;
- СОУ „Р.Р.Ричко“ – нова хала, работилница и целосна промена на столаријата;
- СОУ „Ѓорче Петров“ – нова фасада, уредување на училишниот, двор;
- СОУ Орде Чопела“ – нова фасада, санација на спортското игралиште;
- ПУ од ООУ „Кирил и Методиј“, – во с. Ерековци –санитарните јазли во објектот;
- ЦУ „Страшо Пинџур“, с. М.Коњари – изградба на системот за парно греење;
- ЦУ „Круме Волнароски“ во с. Тополчани – изградба на системот за парно греење и
- ПУ на „Климент Охридски“ во с. Мажучиште – целосна санација на објектот.

Исто така, во континуитет ќе се уредуваат дворните места од училиштата, фасадите и ќе се прави реконструкција на постоечките спортски терени, согласно потребите.
Најголем дел од овие активности ќе се финансираат со средства од локалната самоуправа, а за останатите ќе се обезбеди поддршка од Владата на Република Македонија.
**Буџет:** 22 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината и Буџет на Република Македонија
Рок за реализација: 2013-2017

## Ново училиште во населбата Сточен Пазар

Ќе изградиме подрачно училиште на ООУ „Рампо Левката“ за ученици до петто одделение. Со отворањето на ова подрачно училиште, децата од населбите Жабино Маало и Сточен Пазар ќе може да посетуваат настава блиску до своите домови.
**Буџет:** 16 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

## Монтажни училишта

Довршување на монтажните училишта во населените места Галичани, Беровци и Чепигово. Средствата ќе бидат обезбедени од МОН.
Изградбата на монтажните училишта е започната во с. Беровци и с. Галичани, со заеднички средства од општината и Министерството за образование и наука. Во Чепигово е исто така започната изградбата, а се очекува да заврши во 2013 година.
**Буџет:** 7,5 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на РМ
Рок за реализација: 2013

## Проект „145 спортски сали”

Со цел поттикнување на правилен физички развој и поттикнување на спортскиот и натпреварувачки дух кај младите, ќе изградиме спортски сали во следните училишта:

- СОУ „Ристе Р. Ричко“– спортска сала со трибини, изградбата е во тек;

- СОУ „Кузман Ј.- Питу“ – изградбата е во тек;
- ООУ „Добре Јованоски“ – изградба на спортска сала со трибини;
- ООУ „Блаже Конески“;– изградба на спортска сала;
- ООУ „Кире Гавриловски - Јане“ – изградба на спортска сала и
- ООУ „Кочо Рацин“;– изградба на спортска сала.

Со изградбата на спортските сали низ целата територија на Македонија им овозможуваме на сите оние што сакаат да се занимаваат со спорт, а досега немале соодветни услови, да можат да спортуваат. Ова е најдобар начин за градење спортски дух кај младите и реализирање на нивните спортски таленти. Проектот ќе се реализира со поддршка на Владата на Република Македонија.

**Буџет:** 208 милиони денари
**Извор на средства:** Буџет на Република Македонија
Рок за реализација: 2013-2017

### Реновирање, одржување и инвестирање во училиштата (ентериер)

Со цел подобрување на училишната инфраструктура, ќе продолжиме континуирано со реновирање, одржување и инвестирање во сите основни и средни училишта во општина Прилеп. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината.

### Опремување на училиштата и училишните кабинети

Во насока на обезбедување квалитетна практична настава, ќе ги доопремиме училиштата со потребните наставни материјали и алатки (со поддршка од Владата на Република Македонија).

### Проект „Општината ги наградува најдобрите”

Прилеп е единствена општина во Македонија која има изготвено Правилник за наградување талентирани ученици и студенти. Со цел да ги поттикнеме најдобрите ученици, средношколци и спортисти од општина Прилеп, ќе продолжиме и понатаму да обезбедуваме средства за ги наградуваме за успехот и освоените високи места на натпревари. Средствата ги обезбедува општината во соработка со приватниот сектор и странски донатори.

### Бесплатен интернет

Ќе продолжиме да обезбедуваме средства со кои и во иднина ќе се обезбеди бесплатен интернет во сите основни и средни училишта, како и во студентските домови.

**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Модернизација на инфраструктурата преку реализација на проекти за реконструкција, доградба и адаптација на јавните здравствени установи, како и обезбедување услови за стручно усовршување на здравствените работници и здравствени соработници од Здравствениот Дом-Прилеп.
Во соработка со Владата на Република Македонија, наша определба во општина Прилеп ќе биде секој граѓанин да добие квалитетна здравствена заштита. Граѓаните на општина Прилеп ќе имаат пристап до поефтини лекови со дополнително намалување на цените на лековите. Пензионерите од нашата општина, доколку нивната пензија е пониска од просечната во Република Македонија, ќе имаат пристап до бесплатно болничко лекување.

### Изнаоѓање инвеститори за изградба на приватна болница

Општина Прилеп ќе оствари директен контакт со потенцијални инвеститори за изградба на приватна болница. Локација ќе обезбеди локалната самоуправа.

### Кампања во општина Прилеп за рано спречување рак на матка и дојка

Во соработка со стручни лица ќе се организираат трибини на кои пред засегнати групи ќе се презентира потребата од превенција и рано откривање рак на матка и дојка. Исто така на овие трибини ќе се презентира можноста за бесплатна ХПВ вакцина за спречување на ракот на матката кај женската популација и скрининг на матка и дебело црево.

### Бесплатни здравствени превентивни прегледи

Општина Прилеп во соработка со Министерството за здравство, ќе организира пунктови за проверка на холестерол, гликемија во крвта и ќе се грижи за навремено информирање на населението од нашата

општина за можноста за бесплатни прегледи. На пунктовите ќе се делат брошури и материјали за промоција на здрав начин на исхрана и стил на живеење. Прегледите ќе ги вршат медицински екипи, а целта на оваа акција е поттикнување на свеста кај населението за потребата од навремени превентивни прегледи и редовна контрола на своето здравје.

### Систем за закажување прегледи

Општина Прилеп, во соработка со матичните лекари активно ќе се вклучи во промоција на проектот „Мој термин“ со кој во голема мера ќе се придонесе кон намалување на времето на чекање на пациентите за одредени здравствени услуги и дијагностички процедури.

### Реорганизирање и зајакнување на здравствените домови со зголемување на бројот и видот на услугите

Реорганизирање и зајакнување на здравствените домови со зголемување на бројот и видот на услугите со фокусирање на населението во руралните средини, вклучувајќи и унапредување со опрема и доекипирање на повеќе функционална патронажна служба во рамките на здравствените домови.
Со овој проект поддржан од Владата на Република Македонија ќе се зајакне соработката помеѓу матичните гинеколози и патронажните сестри со цел навремено меѓусебно информирање за бремени и породени жени. Со овој проект ќе се зголеми бројот и видот на услуги кои ќе бидат давани од страна на патронажните сестри во руралните средини во општина Прилеп и ќе се доекипира патронажната служба, со што ќе се подобри квалитетот на услугите и нивната достапност до населението.

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

Во соработка со Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, приватниот сектор и невладините организации, во новиот мандат ќе продолжиме да се грижиме за вклучување на најранливите и маргинализирани групи во општествените текови и зголемување на квалитетот на нивниот живот преку обезбедување услови за нивна социјална и економска интеграција. Преку зголемување на нивната вработеност и со јакнење на нивните способности за вработување ќе помогнеме овие наши сограѓани да излезат од кругот на сиромаштијата и да обезбедат поквалитетен живот.
Со повторно добивање на Вашата доверба како локална власт во општина Прилеп, ќе се залагаме за мобилизирање на сите актери на локално ниво со цел да се обезбеди социјална превенција, зголемување на социјалната заштита и социјално вклучување на ранливите категории граѓани.
Во таа насока ќе продолжиме да се грижиме за:

- Социјализација на најмладите и нивно згрижување во предучилишните установи. ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за подобрување на условите за престој на најмладите во постојните детски градинки и за ширење на мрежата на нови;
- Обезбедување на достоинствен живот на старите лица преку развој на сервисни служби за нив и зголемување на капацитетот на Домот за стари лица во Прилеп;
- Ширење на мрежата на институционални и вонинституционални облици за социјална заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и родителска грижа, како и децата со социјален ризик
- Обезбедување на превенција од можни социјални ризици.

Исто така, во општина Прилеп ќе ги реализираме следните проекти од областа на социјалната заштита:

### Изградба на станбен објект со социјални станови

Во наредниот период ќе биде изградена станбена зграда со 76 социјални станови кои се наменети за социјално загрозените лица, кои немаат обезбедено сопствен дом. Со овој проект, за кој веќе средства се одобрени од Владата на Република Македонија (Министерството за труд и социјална политика), ќе се реши станбеното прашање на повеќе семејства од општина Прилеп и ќе им се обезбедат квалитетни и достоинствени услови за домување.
**Буџет:** 115 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на РМ
Рок за реализација: 2013-2014

### Реконструкција на постојните градинки и зголемување на нивните капацитети

- реконструкција и проширување на капацитетот на детската градинка во населбата „Бончејца“, во заедничкиот проект со SDC (Швајцарска агенција за соработка и развој);
- со реконструкција на кровот на постојната градинка „11 Октомври“, ќе овозможиме подобрување на сместувачките капацитети за згрижување на деца во предучилишните установи;
- градинката во населбата „Тризла“-реконструкција на кровот и надворешно осветлување и

- Градинка кај ООУ„ Гоце Делчев“.

Средствата се обезбедени од буџетот на општината за 2013 година, во износ од 16,5 милиони денари.
**Буџет:** 26 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината и донации
Рок за реализација: 2013-2014

**Изградба на детска градинка во с.Тополчани**
Ќе изградиме детска градинка во с.Тополчани, со што ќе се овозможи поголем пристап на децата од руралните средини и нивна целосна интеграција во општествената средина, преку процесот на социјализација како основен предуслов за нормален психофизички раст и развој.
**Буџет:** 1,3 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на РМ
Рок за реализација: 2013

**Проект „Јавни работи во општина Прилеп“**
Општина Прилеп ќе ја продолжи практиката да склучува договори за вршење јавни работи со лица кои се од социјално ранлива категорија. Договорите ќе бидат склучувани за период од најмалку девет месеци, а програмата ќе се реализира континуирано секоја година.
Рок за реализација: 2013-2017

**Проект „Супер Марио“ – сервис за стари, болни и изнемоштени лица**
Концептот „Супер Марио“ претставува нова форма на социјална заштита, а ќе се реализира преку отворање канцеларија за давање бесплатни услуги на стари, изнемоштени и болни лица. Во тимот ќе бидат вклучени: медицинско лице, хаус мајстор и набавувач, кои би се грижеле за бесплатни поправки на мали куќни дефекти, набавка на намирници, лекови и контрола на здравствената состојба (пр.мерење крвен притисок, редовно земање терапија и сл.). Овој проект ќе се реализира во соработка со Здруженијата на женски организации, а ќе биде поддржан и финансиран од општината и бизнис секторот.

**Соработка со АВРМ за навремено информирање на невработените лица за можностите за самовработување и поволностите од другите активни мерки за вработување**
Општина Прилеп во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе се залага за навремено информирање на невработените лица за можностите, условите и средствата кои ги нуди државата со спроведување на активните мерки за вработување, кредитите за самовработување и зголемување на бројот на вработените во фирмите, како и за можностите за обуки, преквалификации и доквалификации на невработените лица од општина Прилеп, со цел зголемување на нивната вработливост.

**Советодавен телефон за помош при вработување**
Општина Прилеп ќе креира кампања за помош при вработување, придружена со формирање телефонски центар со лица од општинската администрација чија задача ќе биде да ги советуваат граѓаните кои ќе се јават како поуспешно да аплицираат за некое работно место. Советите ќе се однесуваат на подготовка на CV (кратка биографија), подготовка на апликантите за интервју за работа, совети за професионална ориентација при што ќе биде составен прашалник според кој ќе му се помогне на апликантот да одреди во која област се пронаоѓа и во што е најдобар( врз база на своето искуство или образование).

**Развивање на постоечкиот инфо-портал наменет за невработени лица од ранливите категории граѓани**
Целта на проектот е да се зголеми протокот на информации меѓу засегнатите актери и компаниите кои нудат работа на пазарот на труд, што ќе резултира со зголемување на бројот на вработени лица од ранливите групи граѓани како резултат на користење на инфо-порталот.
Рок на реализација: 2013-2015

**Адаптација на инфо-системот, за користење од страна на лица со оштетен слух, вид и говор**
Целта на проектот е што поголем број лица со оштетен слух, вид и говор да го користат инфо-системот, со цел да станат корисници на обуки за подобрување на вештините и знаењата, и во крајна линија да ги зголемат можностите за наоѓање работа.
Рок на реализација: 2013-2015

### Пристапни рампи за лица со посебни потреби

Лицата со посебни потреби имаат право на физички пристап до јавните институции на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и другите институции кои им се неопходни за елиминирање на социјалните бариери и целосен независен и интегриран живот во заедницата.
Затоа општина Прилеп ќе продолжи да гради пристап до сите јавни институции и установи низ општината, со цел овозможување непречено движење на лицата со посебни потреби. Со изградба на пристапните рампи се премостува хендикепот и се овозможува достапна средина за лицата со посебни потреби во сите сфери на општественото живеење.
Рок на реализација: 2014-2016

### Отворање на Дневен центар за деца од улица

Со отворањето на Дневниот центар ќе се спречат негативните последици од питачењето и ќе се намали ризикот од воспитно запуштање и занемарување на децата од страна на родителите. Децата ќе имаат можност да се стекнат со навики кои се неопходни за нормален психо-физички раст и развој, и ќе им се отворат можности за нивно вклучување во воспитно-образовниот процес.
Рок на реализација: 2014-2015

### Проект за самопомош „Патролни социјални работници“

Ќе ја прошириме оваа форма на социјална работа преку посебни тимови на Центарот за социјална работа, локалната самоуправа на општината и Црвениот крст на РМ, кои ќе се посветат на обезбедување полесен пристап на таргетираните ранливи групи во системот на социјална заштита и нивни влез на пазарот на труд.
Рок на реализација: 2013-2014

### Проект „Куќа на Бранителите“

Руинираниот објект во близина на железничката станица ќе биде реконструиран во „Куќа на бранителите“, во којашто канцеларии ќе имаат Здружението на бранители, Здружението на резервни офицери и Здружението „Карпалак“. Просторот ќе биде опремен со технички помагала и компјутери, со цел членовите на овие здруженија да можат да се ресоцијализираат и да се вклучат во изработувањето на проекти и едукации, семинари, информирање во врска со мерките за вработување и самовработување од АВРМ.
**Буџет:** 3 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

## ЗЕМЈОДЕЛСТВО

### Сет мерки – Информиран и образуван земјоделец

Во општина Прилеп ќе примениме сет мерки за подобрување на знаењето и квалификациите на земјоделските производители преку:
1. Зајакнување на институционалните врски меѓу истражувачките институции од областа на земјоделството и советодавните служби за пренос на технологии и информации формирани во Општината, и организирање на стручни предавања и трансфер на новите достигнувања од факултетите;
2. Неформално образование и усовршување на земјоделците за клучни стручни активности поврзани со земјоделското производство, но и за економски активности со кои треба да располагаат (преработка и маркетинг на земјоделските и производите наменети за модернизација на технолошката и пазарната инфраструктура, зголемување на додадената вредност на прехранбени производи и постигнување усогласеност со стандардите за квалитет, здравје, безбедност на храната и стандардите за животната средина на ЕУ);
3. Зајакнување на соработката со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и информираноста за повеќегодишната програма за субвенционирање на земјоделското производство и информирање на земјоделците за активностите кои се предвидуваат;
4. Навремено информирање за аплицирање на огласите за добивање земјиште во државна сопственост и
5. Следење на законската регулатива поврзана со земјоделското производство и благовремено информирање на земјоделските производители за обврските кои произлегуваат од истата.

Рок на реализација: континуирано

### Трибини за добри земјоделски практики

Општина Прилеп ќе организира трибини на кои ќе бидат поканети истакнати успешни земјоделци кои низ дискусија со присутните земјоделци ќе го презентираат сопственото искуство во конкретна земјоделска област. На трибините се предвидува и непосредно советувања за употреба на добри земјоделски и хигиенски практики за земјоделците, за сточарите - подобрување на квалитетот на млекото, производството на месо, а за полјоделците и овоштарите - подобрување на приносот во полјоделските култури и овоштарството.
Рок на реализација: континуирано

### Поттикнување на производството на органски-еколошки и земјоделски производи во Прилепско Поле по течението на градската река со системот за наводнување „капка по капка“

Органското производство, шумските плодови, чаеви и другите самоникнати растенија со кои изобилува прилепскиот регион, се се повеќе барани на пазарот. Оттаму, општина Прилеп во соработка со претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе го промовира и популаризира органското производство.
Дополнително, со изградбата на фабриката за селекција на отпад и производство на био-гас во Прилеп, а и со изградбата на пречистителната станица, сите земјоделци од Прилеп ќе можат да добијат сертфикат од ЕУ дека нивните производи се органски и тие ќе можат да ги продаваат во странство по повисоки цени.
Рок на реализација: 2013-2017

### Поддршка за искористување на ИПАРД-средствата

Со цел зголемување на искористувањето на средствата од програмите за финансиска поддршка и ИПАРД, како и олеснување на пристапот на земјоделците од општина Прилеп до средствата со кои ќе можат да го прошират сопственото производство, општината ќе организира советувања за земјоделците со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и други експерти.
Рок на реализација: 2013-2017

### Изградба на пластеници за раноградинарски култури

Општината ќе бара инвеститори за изградба на пластеници за раноградинарски култури и ќе дава поддршка и едукација на заинтересираните за изградба на пластеници.
Рок на реализација: континуирано.

### Проект „Полски пат“

Со изградба на повеќе полски патчиња во населените места од општина Прилеп, значително ќе се олесни пристапот на земјоделците до обработливите површини.
Полски патчиња ќе бидат направени на следните места: Широк Пат, пат Задград до патот за манастирот Трескавец, Шаторов Камен, патот за Волково и други.
Рок на реализација: 2013 – 2017

## Спорт и млади

ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на унапредување на општата положба и задоволување на потребите и интересите на младите во општина Прилеп, затоа што младите се столб врз кој се гради нашата сегашност и иднина. Приоритетни цели кои сакаме да ги исполниме се: влијание врз едукацијата на младите на локално ниво, активно учество на младите луѓе во јавниот живот и процесите на донесување одлуки на локално ниво, како и вклучување на младите во европските процеси.

**Подобрување на спортската инфраструктура преку изградба на нови спортски објекти**

### Осовременување на градскиот стадион „Гоце Делчев“

Со преземање на објектот во надлежност на општина Прилеп во 2013 година, ќе се изготви проект со кој ќе се предвиди изградба на трибини и деловен простор. Реализацијата ќе биде преку јавно-приватно партнерство, со што градот ќе добие современ европски стадион на кој ќе се организираат домашни и меѓународни натпревари. Со овој проект предвидено е осовреме-нување на градскиот стадион „Гоце Делчев“. Стадионот ќе биде од англиски тип и ќе има капацитет од 12.000 до 15.000 гледачи и ќе биде приспособен за ноќни натпревари.
**Буџет:** 5 милиони евра

**Извор на средства:** јавно-приватно партнерство
Рок за реализација: 2013-2017

**Реконструкција, осовременување и рехабилитација на фудбалските игралишта**
Фудбалот е еден од најпопуларните спортови, а особено е популарен и во Република Македонија. Токму затоа и му посветуваме посебно внимание.
Игралиштата се со стандардни димензии, со вештачка трева, согласно стандардите на ФИФА/УЕФА, со цел овозможување тренинг и натпревари и во зимскиот период. Дополнително, овие игралишта ќе бидат центри за развој на младински фудбалски школи од каде што очекуваме да излезат нови таленти.

- Поставување на вештачка трева и рефлектори на 10 игралишта за мал фудбал. Игралиштата се лоцирани во повеќе населби во градот (во кругот на интернатот, кај Работничкиот универзитет, во кругот на ООУ „Гоце Делчев“, во кругот на ООУ „Кире Гавриловски“, ООУ„Кочо Рацин“, „ООУ Рампо Левката“ и ООУ „Климент Охридски“) и во населените места Мажучиште, Големо Коњари и Канатларци.

Рок за реализација: 2013 – 2017

- Изградба на **големо фудбалско игралиште** со вештачка трева и монтажни трибини со рефлектори во градот Прилеп. Ќе биде лоцирано во кругот на Економскиот факултет. Донација од УЕФА, ФФМ и дел од средствата од општината.

Рок за реализација: 2013 година.

- Реконструкција на големото фудбалско игралиште кај фабриката „Металец“.

Рок за реализација: 2015

- Реконструкција на фудбалско игралиште во населеното место Канатларци.

Рок за реализација: 2013

- Реконструкција на фудбалско игралиште во н.м.Алинци.

Рок за реализација: 2013

- Реконструкција на фудбалското игралиште и изградба на монтажни трибини во населеното место Големо Коњари

Рок за реализација: 2014
**Буџет:** 33 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината, донации
Рок за реализација: 2013-2017

**Изградба на нови тениски терени низ општината, на следните локации**

- едно тениско игралишта во кругот на Економскиот факултет;
- тениско игралиште во гимназијата „Мирче Ацев“.

На нашите млади тениски таленти им овозможуваме да се развиваат во идни професионали тенисери, а истовремено им овозможуваме на заинтересираните рекреативци да се занимаваат со овој спорт. Тениските терени во општина Прилеп ќе бидат изградени со современа подлога, согласно стандардите на Светската тениска асоцијација, како и целосно инфраструктурно поврзување со осветлување за ноќни натпревари, пристапни патеки и жичана ограда.
**Буџет:** 10 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општина и буџет на Република Македонија
Рок за реализација: 2013-2017

**Изградба на повеќенаменски маалски игралишта**
За развој на спортската рекреација, односно „Спортот за сите“, најдобар начин да се создадат услови е изградба на повеќенаменски игралишта. Повеќенаменските игралишта ќе им бидат достапни на сите граѓани за спортување, рекреирање и одигрување натпревари. Истите ќе може да се користат деноноќно, што значи дека ќе можат да станат место за собирање и дружење на младите генерации. Секако, тоа претставува исклучително добра превентива во борбата против пороците на модерното живеење. Потенцијални локации за изградба на овие игралишта се:

- ОУ „Кирил и Методиј“ во с.Канатларци;
- СОУ Гимназија „Мирче Ацев“.

**Буџет:** 6 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на РМ и буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2017

**Проект „Лизгалиште“**
Во новиот мандат ќе изградиме лизгалиште за рекреација на младите прилепчани во зимскиот период. Лизгалиштето ќе биде лоцирано зад Участакот.
**Буџет:** 2 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

**Изградба на трим-патеки**
Следејќи ги определбите за подигнување на квалитетот на живеење на граѓаните од сите социјални структури, во духот на „Спорт за сите“, тримпатеките како светски тренд и спортска понуда која е најлесно достапна за сите, ќе придонесе за сеопфатно вклучување на граѓаните во практикување на спортски активности и истото да стане своевидна филозофија на живеење. Справите за вежбање ќе бидат дополнителен аспект за збогатување на оваа спортска содржина.
**Извор на средства:** буџет на општина
Рок за реализација: 2013-2017

**Изградба на вештачка карпа**
Во една од постоечките спортски сали ќе биде поставена вештачка карпа.
Средствата ќе ги обезбеди општината.
Рок за реализација: 2013

**Изградба на картинг-патека**
Во близина на Паркот на Револуцијата ќе биде изградена картинг-патека. Овој проект ќе биде реализиран како приватна инвестиција.
Рок на реализација: 2013-2015

**Реконструкција на салата „Партизан“ (стара „Соколана“)**
Со овој проект, за кој средства обезбедува општина Прилеп од сопствениот буџет, ќе биде направена целосна реконструкција на салата „Партизан“ (кај старата „Соколана“).
**Буџет:** 6 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2015-2017

**Проект „Аква Парк“**
За изградба на ново место за рекреација и забава за граѓаните, локалната власт на општина Прилеп преку промена на урбанистичкиот план поддржува приватен инвеститор во изградба на „Аква парк“, лоциран во близина на градот. Аква паркот ќе биде во состав на хотелскиот комплекс, во рекреативната зона на градот. Овој проект дополнително ќе ја промовира општината и ќе го зголеми бројот на гости од регинот.
**Извор на средства:** приватна инвестиција
Рок за реализација: 2014

**Пинг – понг маси на повеќе локации и паркови во градот**
Ќе поставиме бетонски пинг–понг маси на повеќе локации и паркови во градот.

**Училишни лиги во голем фудбал, кошарка, ракомет, шах, тенис и други спортови**
Во соработка со Федерацијата за училиштен спорт и единиците на локалната самоуправа, низ координиран систематски пристап, ќе се унапреди развојот на училиштниот спорт преку одигрување општински, зонски и регионални натпревари помеѓу училишните екипи во повеќе спортови.
Советот на општина Прилеп одобри две лиги: ФУТСАЛ лигата, машки за средни училишта и лига во одбојка – женски, за основни училишта кои се одржаа во организација на Сојузот за училиштен спорт. Во наредниот период ќе бидат формирани лиги за кошарка и ракомет. Нашата определба е и понатаму да продолжиме со организирање на овие локални лиги.

**Поддршка на Сојузот на училишен спорт и на училишните спортски клубови**
Во насока на унапредување на системот на натпревари во училиштниот спорт, ќе ја поддржиме работата на Сојузот на училиштен спорт и на училишните спортски клубови во повеќе спортови, кои претставуваат основа за остварување високи спортски резултати.

### Поддршка на спортските клубови

Прилеп е единствена општина на ниво на Македонија која донесе Правилник за распределба на средства за спортските клубови, поединечни и групни спортови, како и Правилник за наградување на истакнати спортисти за постигнати високи места на значајни натпревари. Се помагаат фудбалот во градот, кошарката, ракометот, одбојката, каратето, џудото, атлетиката, боксот, борењето, екстремните и други спортови.

Општина Прилеп започна да организира и поддржува нови турнири и спортски натпревари со цел поттикнување на спортот, а воедно и афирмација на градот, како:

- Велосипедската трка „Трофеј Мариово“;
- Рекреативната спортска манифестација „Сите на велосипед“;
- Болдеринг куп „Крал Марко“ – слободно качување на карпи;
- Ултра-маратон „По стапките на Крали Марко“;
- Турнир во професионален бокс и
- Турнир во мал фудбал од хуманитарен карактер, кој се одржува на верскиот празник „Св.Никола“.

Општина Прилеп и во наредниот четиригодишен период ќе ги поддржува овие турнири и натпревари и ќе организира нови.

**Буџет:** 14 милиони денари

**Извор на средства:** буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2017

## МЛАДИ

### Имплементирање на локалната младинска стратегија

Во март 2011 година, Советот на општина Прилеп ја донесе Локалната младинска стратегија за периодот 2011-2015 година. Во наредниот период ќе продолжиме со имплементацијата на мерките и активностите од стратегијата, чија главна цел е посеопфатно третирање на проблемите на младите на локално ниво, и изнаоѓање решенија за истите. Овој проект се спроведува од страна на општината во соработка со Агенцијата за млади и спорт, Коалицијата на младински организации „СЕГА“ и невладините организации. Главни приоритети на Стратегијата се: неформалното образование, културата, младинската невработеност и спортот.

### Формирање на Локален совет за млади во општината

Со формирање на Локалниот совет за млади ќе се постигне поголема вклученост на младите во одлучувачките процеси во општина Прилеп. Во рамките на поддршката на локалните младински проекти, општината ќе обезбеди средства преку нејзиниот буџет, со што ќе ги поттикне младите луѓе да бидат активни и да размислуваат и делуваат кон подобрување на средината и заедницата во која живеат.

Рок за реализација: 2013

### Младински информативен и советодавен центар

Прилеп е прв град во Македонија каде во 2010 година е формиран Младински информативен и советодавен центар „Инфо СЕГА“ - Прилеп, со поддршка на Општина Прилеп, Коалицијата на младински организации „Сега“, Агенцијата за млади и спорт и НВО (Цивица Мобилитас).

Центарот работи три групи активности и тоа:

- Давање информации за млади (информации за: волонтирање, вработување, стипендии, патувања, култура и др.);
- Испорачување обуки на млади лица (изработка на CV-кратка биографија, мотивационо писмо и поднесување интервју, едукација за штетните последици од употреба на цигари, алкохол и дрога, обуки за превенција од сексуално преносливи болести и ХИВ, обуки за проектен менаџмент, обуки за комуникациски вештини и лидерство, обуки кои се организираат на барање од групи на граѓани) и
- Младинско советување

Општина Прилеп ќе продолжи да ги поддржува и да се вклучува во активностите на Младинскиот информативен центар, и да обезбедува и простории за работа.

Рок за реализација: 2014 година

**Обезбедување услови за практикантство во различни јавни институции и приватни компании на локално ниво и продолжување на практиката за ангажирање лица волонтери.**
Со цел стекнување работни навики, неформално образование и зголемување на можностите за вработување на младите луѓе во општина Прилеп, ќе продолжиме да го стимулираме практиканството во соработка со приватниот сектор и повеќе јавни институции.
Исто така, ќе ја продолжиме практиката за ангажирање лица волонтери, кои преку волонтирањето стекнуваат практично искуство за работата во државната администрација.

**Трибини за неформално образование**
Општина Прилеп преку организирање јавни трибини и други настани, ќе ги промовира важноста и придобивките од неформалното образование, со кое се подобруваат вештините, познавањата и способностите на младите луѓе и се стекнуваат нови, а се зголемуваат можностите за нивно вработување.

**Трибини за подигнување на свеста кај младите за претприемништво**
Целта на трибините ќе биде на истите да се истакнат можностите за младите кои се создаваат преку развивање на претприемничката иницијатива. На трибините ќе се презентираат позитивните примери на успешни претприемачи и ќе се дискутира за поволностите кои ги нуди државата за започнување сопствен бизнис.
Рок за реализација: континуирано.

**Хуманитарна акција за помош на младите од социјално загрозени семејства**
Ќе се постави известување на веб-страницата на Општината за потребата од донирање на парична помош, облека, спортска опрема, спортски реквизити, со назив „**ДОНИРАЈ!**“.
Рок за реализација: 2013 – 2017

**Кампања на локално ниво за борба против зависностите на 21 век – дрога, алкохол, цигари**
Преку системот на образование, но и преку одржување на трибини и водење кампањи во Прилеп и населените места во општината, ќе продолжиме да ги информираме младите за штетните последици од конзумирање наркотични средства и алкохол.
Рок за реализација: 2013 – 2017

**Организирање доброволни крводарителски акции во кои учество ќе земаат и спортистите**
Продложуваме и во наредниот период со организирање доброволни крводарителски акции во Прилеп, во соработка со спортистите и Црвениот крст, со цел давање позитивен пример кај младите за подигнување на хуманитарната свест.
Рок за реализација: 2013 – 2017

**Продолжување на организирање на хуманитарни турнири во фудбал, ракомет, кошарка и слично**
Целта е да им се помогне на социјално загрозените фамилии, да се изградат одредени проекти или јавни институции кои се од општа корист за граѓаните.
Рок за реализација: континуирано

**Отворање на кариерни центри во средните училишта – проект на USAID, YES мрежа - младинска мрежа за стекнување на вештини за вработување**
Цел на проектот е младите луѓе да се стекнат со соодветни вештини кои ќе им овозможат да учествуваат во современата економија. Програмата е насочена кон ученици кои учат во последната година во средните стручни училишта, невработени кои се пријавени во АВРМ и други млади луѓе кои не се вклучени во образовниот процес, на возраст од 15 до 24 години. Младинската мрежа е проект на УСАИД, а го спроведува Центарот за развој на образованието.
Рок за реализација: континуирано

## ТУРИЗАМ
Во наредниот период, општина Прилеп ќе биде посветена на промоција на своите конкурентски предности и максимално ќе се залага да ги развива и промовира различните видови туризам, особено културниот, рекреативниот, руралниот и другите алтернативни форми на туризам. Ќе настојуваме да одговориме на очекувањата и вкусовите на туристите, а општина Прилеп ќе се трудиме да ја направиме уште попрепознатлива дестинација на туристичката мапа на Македонија и Балканот.
Приоритени проекти за остварување на наведените цели ќе бидат следните:

### Природен комплекс „Маркови кули“ – светски центар за екстремни спортови

Ќе направиме напори, природниот комплекс „Маркови кули“, да прерасне во светски центар за екстремни спортови (параглајдинг, болдеринг, планински велосипедизам).
Рок за реализација: континуирано.

### Развој на еколошка туристичка населба „Пелагон - Мариово“ со резерват за лов, риболов и голф-терени

Општината ќе се ангажира да најде приватен инвеститор кој ќе го реализира овој проект, или пак ќе бара средства од достапните меѓународни фондови, како што се ИПА-средствата од компонентата за меѓугранична соработка.
Оваа населба ќе биде лоцирана во близина на село Манастир.

### Вештачка акумулација во н.м. Селце и осовременување на просторот околу вештачкото езеро

Овој проект предвидува изградба на вештачко езеро во близина на населеното место Селце, кај манастирот „Св.Димитрија“, со што ќе прерасне во познато туристичко место за рекреација и риболов. Ќе има и можност за продавање на локации за изградба на викендици. Просторот околу езерото ќе биде осветлен, ќе има патеки, клупи, летниковци, спортски терени... Во тек е изработка на проект.
Исто така, ќе биде урбанизиран и просторот околу постојното вештачко езеро во излетничкото место и можност за издавање локации за изградба на викенд- населба. Проектот е во изработка.
Рок за реализација: 2014 – 2017

### Реконструкција на планинарскиот дом „Дервен“

Во новиот мандат ќе го реконструираме планинарскиот дом „Дервен“. Идејното решение е изработено. Вредноста на проектот изнесува 80.000 евра, а средствата ќе ги обезбеди општината во соработка со планинарското друштво „Дервен“.
**Буџет:** 4,8 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината и донации
Рок за реализација: 2014-2015

Исто така, приоритет во нашата програма за работа во областа на туризмот во новиот мандат, ќе бидат:
**Развој на манастирски туризам** – општина Прилеп ги има едни од најстарите и најубави манастири во Европа. Манастирите Трескавец, во Зрзе, Дрен, „Св.Архангел Михаил“, „Св.Никола“ во Мариово, „Св.Димитрија“ во Селце, црквите во Варош, и многу други, ветуваат развој на манастирскиот туризам со заеднички инвестиции од локалната власт и Владата на Република Македонија. Со изградбата на инфраструктура до сите нив, Прилеп станува атрактивна локација за манастирски туризам. Според направени проценки, годишната посетеност на регионот би била околу сто илјади туристи.
**Развој на археолошки туризам** –Прилеп важи за општина со најмногу културни и археолошки споменици. Според тоа, локациите како: Маркови кули, Стибера, Кралската гробница во Бонче, Висока и многу други локалитети се интересни за развој на овој вид туризам. Со новите археолошки ископувања и промоција на локалитетите, ќе се поттикне и археолошкиот туризам во регионот.
**Развој на културен туризам** – овој вид туризам има најголем развоен потенцијал во однос на диверзитетот и квалитетот на културни, историски богатства и археолошки места во Прилеп, и во однос на зголемениот интерес во културниот туризам на пазарот. Ќе ги поттикнеме и поддржиме туристичките понуди кои ќе вклучуваат посети на Музејот за тутун, археолошката поставка, Музејот на анти-фашистичка револуција – Участакот, Галеријата на икони, Отворена поставка на мермерните скулптури во градот, а во иднина и етнолошка поставка.
**Развој на гастрономски туризам** –Прилеп важи за град со највкусна скара и традиционални специјалитети, добра угостителска услуга, познати ресторани, кафетерии и добра забава. Како општинска власт, преку организацијата на бројните културни и музички манифестации (Пиво фест и др.) и промоцијата на општината, создаваме поволна клима за работењето на овие фирми и оттаму за развој и на гастрономскиот туризам.
**Развој на шопинг - туризам:** Познатата прилепска чаршија, старите занаети, дуќаните и новите трговски центри ја чинат разноликоста на широката понуда која ја има Прилеп. Како општинска власт ќе ги поддржуваме и понатаму малите и средни претпријатија, ќе поддржуваме организирање саеми и панаѓури, за да се развива шопинг-туризмот во нашата општина.
**Зајакнување на функцијата на туристичко биро:** Во моментот во Прилеп постои туристичко биро, кое работи на просторот на Старите реклами. Во иднина, имајќи предвид дека туризмот е важна

економска гранка и извор на приходи за општината и неговите жители, ќе ја зајакнеме функцијата на ова туристичко биро кое ги нуди следните услуги:

- сервисни информации на странските и домашни туристи кои доаѓаат во Прилеп;
- информирање за културните настани кои се одржуваат во градот;
- информирање на туристите за познати угостителски локали, бесплатни резервации во хотели и приватно сместување;
- информирање на туристите за можностите кои ги нуди археолошкиот и манастрискиот туризам во Прилеп;
- дистрибуција на мапи, брошури и друг промотивен материјал;
- ангажирање на туристички водичи за групи туристи и
- информирање на туристите за возниот ред, автобуски превоз, возови, такси и изнајмување возила, туристички воз и други услуги.

# КУЛТУРА

### Проект „Етно-музеј“

Со овој проект предвидено е да биде изграден етно-музеј во просториите на Завод и музеј - Прилеп. Во етно-музејот ќе бидат изложени предмети и архивски документи за значајни историски личности и настани од Прилеп и регионот, ќе се предвиди и опремување на „Градска прилепска соба“ и „Селска типична соба“. Овие соби ќе го приближат автентичниот начин на живот на народот од општина Прилеп во минатото. Извор на финансирање општината во соработка со Министерството за култура.
**Буџет:** 2 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на РМ и буџетот на општината
Рок за реализација: 2013-2014

### Изградба на кино во просториите на Центарот на култура „Марко Цепенков“

Во просториите на Центарот на култура „Марко Цепенков“, сегашен ресторан „Мис Стон“ ќе биде изградена киносала, со што Прилеп ќе добие современо дигитално кино.
**Буџет:** 11 милиони денари
**Извор на средства:** буџетот на општина
Рок за реализација: 2013

### Изградба на повеќенаменски културен центар

Во централното градско подрачје ќе се гради стаклена пирамида со планетариум и 3Д кино, која ќе се користи за културни настани.
**Буџет:** 20 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2014-2017

### Музички парк

Во населбата Врбенско маало во Прилеп во наредниот период со реконструкција на постоечкиот парк ќе направиме Музички парк, каде на зелената паркова површина покрај осветлувањето, клупите и местата за одмор, ќе бидат поставени и музички инструменти, а ќе има поставено и сцена каде што во иднина ќе се одржуваат концерти.
Целокупното уредување на паркот ќе биде во знакот на музиката.
**Буџет:** 2 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2014

### Отпочнување на реконструкција на просторот околу градскиот часовник и враќање на старата калдрма и хортикултура (лозници)

Во новиот мандат ќе продолжи реконструкцијата на градскиот часовник, срцето и душата на градот. Ќе биде целосно осветлен, поправен механизмот со што градскиот часовник ќе стане туристичка атракција, налик на кривата кула во Пиза, а туристите ќе можат од неговиот врв да го разгледуваат панорамски целиот град.
Исто така, во рамките на овој проект е предвидена и реконструкција на просторот околу градскиот часовник, со што ќе се врати амбиентот на старата чаршија. Предвидено е враќање на калдрмата во

чаршијата, хортикултурно уредување, клупи од ковано железо и дрво, фенери, перголи со лозници, чешми и фонтани.
**Буџет:** 15 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2014

### Доизградба на мултимедијалното плато во населбата Варош

Во најстариот дел од Прилеп во населбата Варош на просторот од местото викано „Панаѓуриште“ на површина од 300 м2 се предвидува доизградба на објект како составен дел на комплексот за мултимедијална презентација.
Комплексот е составен од атриум, амфитеатар и објект во кој ќе бидат сместени простории каде ќе се негува традиционалниот занает (копаничарство, фрескоживопис, иконопис, современа склуптура, фотографија, сликарствои останати убави уметности).
**Буџет:** 7.5 милиони денари
**Извор на средства:** Фонд на Европска унија
Рок за реализација: 2016

### Доизградба на мултимедијалното плато кај карпата „Слон“

На површина од 1000 м2, Форумот за авангардна креативност, во соработка со Општина Прилеп и Институтот за старословенска култура ќе го доврши мултимедијалното плато.
**Буџет:** 2 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2014-2015

### Финансиска поддршка на градскиот оркестар и градскиот хор

Општината ќе дава, на годишно ниво, финансиска поддршка на градскиот хор и градскиот оркестар со цел да се обноват инструментите, униформите и да се зајакне квалитетот на хорот и оркестарот. Намерата е да се привлечат млади талентирани музичари кои ќе придонесат градскиот хор и градскиот оркестар да бидат лицето на градот на значајни манифестации и настани.

### Туристички возила на електричен погон

Покрај туристичкиот воз, општината во наредниот период ќе набави туристички комбиња на електричен погон, со цел овозможување на туристите прошетка низ градот.
**Буџет:** 3 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2014

### Одржување на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински”

Ќе продолжиме со поддршка во организацијата на овој фестивал кој традиционално секоја година се одржува во градот Прилеп во почетокот на месец јуни. На фестивалот континуирано се презентираат најдобрите театарски/драмски остварувања од целокупната македонска театарска продукција работени според дела од светската драматургија, а особено се афирмира македонското драмско творештво.

### Фестивал за народни изворни инструменти и песни „Пеце Атанасовски”

Ќе продолжиме и понатаму со поддршка на оваа манифестација која е дел од традицијата на општина Прилеп. Традиционално секоја година во околината на Прилеп, а оваа година токму во Центарот за култура „Марко Цепенков” се одржува Фестивалот за народни изворни инструменти и песни „Пеце Атанасоски”, на кој учествуваат уметници од други балкански земји, со што се одржува квалитетот во постоењето на Фестивалот на изворни инструменти.

### Организација на фестивалот „Пиво фест“

Прилеп за овие неколку години го изгради најмасовниот и туристички најпосетениот фестивал во Македонија и на Балканот, „Пиво-Фест“, прераснувајќи во голем туристички бренд. Продолжуваме традиционално со поддршка во организирањето на овој фестивал, кој претставува културен печат на градот и настан, кој привлекува годишно стотици илјади гости од регионот, со голем финансиски ефект. Средствата за организирање на „Пиво фест“ секоја година се обезбедуваат од пиварите, бизнис секторот, донатори и локалната самоуправа.

**Традиционална организација на карневалот „Прочка“**
Продолжуваме со традиционалната организација на карневалот „Прочка“ кој прераснува во еден од најголемите карневали на Балканот, а доказ за тоа е учеството на Прилеп во Европската Асоцијација на карневалски градови и успешното организирањето на Светска конвенција на карневали во 2012 година. За време на овој карневал илјадници посетители доаѓаат во Прилеп, со што се остварува и значаен економски ефект.

**Традиционални „Мариовско – Мегленски средби“**
Со цел да се промовира мариовскиот крај и дружење на Македонците од Маривскиот и Мегленскиот крај од соседна Грција, општината го организира традиционално овој настан – „Мариовско – Мегленски средби“ секоја година.

**Одбележување на Денот на револуцијата „11 Октомври“**
Ќе продолжиме со организација на традиционалното одбележување на Денот на револуцијата „11 Октомври“, кој како државен празник секогаш изобилува со многу забава и огномети, и градот е посетен од граѓани од цела Македонија.

**Организација на меѓународните ликовни работилници (Ликовна и вајарска колонија)**
Од областа на културата, ќе ја поддржиме организацијата на меѓународните ликовни работилници кои се одржуваат во Центарот за современа ликовна уметност -Прилеп, како единствена организација од областа на современата ликовна уметност која одржува четири меѓународни ликовни работилници за сликарство, мермер, пластика во дрво, скулптура во метал и повремено керамика, графика, витраж и акварел. Постои од 1957 година, а се одржува секоја година во период од 01.07 до 10.08. во Прилеп. Колонијата опстојува 55 години, а по својата организациона поставеност покрај редовните работилници, ја негува галериската дејност и одржува симпозиуми на тема Современа ликовна уметност. Досега зеле учество повеќе од 1150 учесници од 117 земји во светот, а колекцијата на делата ја надминува бројката од 1500.

**Продолжување со организација и поддршка на следните манифестации:**
- Денови на Крал Марко;
- Поетско читање „Поетско Маркукуле“;
- Поддршка на Моторијадата во Прилеп;
- Изложба на олдтајмери;
- Отворена поставка на скулптури од познати вајари, изработени од вајарските колонии;
- Џез фестивал;
- Денови на занаетчиството;
- „Прилеп фест“ -Фестивал на народни песни;
- „Ѕвездички“ – меѓународен детски фестивал и
- Дионови игри.

## ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

**Црква „Св.Петка“**
Со овој проект ќе биде доизградена црквата „Св.Петка“ во населбата Точила.
Тоа е прва црква која во Прилеп се гради после сто години заедно со поддршката на Општина Прилеп, бизнис секторот и донации од граѓаните.

**Партерно уредување на дворното место на „Св.Благовештение“ (стара црква)**
Општината, во соработка со МПЦ, Завод и музеј Прилеп и ЈП за ПУП изработи проект и во наредниот период ќе пристапи кон комплетно преуредување на дворното место на црквата „Св.Благовештение“ (стара црква). Ќе биде пополочен дворот со гранитни плочи, ќе има зелени површини, современо осветлување и водени површини, со што оваа црква која е културно-историски споменик, ќе добие уште поголема вредност, а центарот на градот ќе добие уште еден убав плоштад.
**Буџет:** 10 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината и донации
Рок за реализација: 2014-2015

**Поддршка во доизградба на цркви**
Ќе се даде логистичка поддршка за доизградбата на следните цркви во општина Прилеп:
- Црква „Св.Елена и Константин“ – во населба Типски куќи;

- Црква „Св.Наум Охридски“ – близу спортската сала „Македонија“;
- Црква „Св.Пантелејмон“ – во кругот на Градската болница „Борка Талески“ и
- Црква „Св. Тројца“ – во кругот на новите гробишта.

**Реконструкција на источниот конак на манастирскиот комплекс „Св. Архангел Михаил“ – Варош, Прилеп**

Во новиот мандат ќе биде реализирана реконструкцијата на источниот конак на манастирскиот комплекс „Св.Архангел Михаил“ во Варош, кој како вреден примерок на високите естетски квалитети на традиционалната македонска архитектура, и е од особено значење за развојот на регионот и целата земја.
Носител на проектот е НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп.
Рок за реализација: 2013 година.

**Реконструкција на манастирскиот комплекс „Свето преображение“ во с.Зрзе**

Продолжува реализацијата на овој проект, кој се реализира во повеќе фази и тоа: археолошко истражување во југозападните и во северозападните простори од манастирскиот комплекс, возобновување - реконструкција на монашките ќелии и сите преостанати фази за целосна реконструкција на истиот. Носител на проектот е НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп.
Рок за реализација: 2015 – 2016

**Археолошки истражувања во Манастир Трескавец**

Ќе бидат изведени археолошки истражувања во црквата и манастирскиот комплекс Трескавец- Прилеп кој датира од 14 век, конзервација на архитектурата и конзервација на живописот. Носител на проектот е НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп.
Рок за реализација: 2013-2017

**Конзервација во „Св.Никола“ – манастир, Мариово**

Ќе бидат изведена конзервација на архитектурата и живописот од 13 век и ќе се доизгради конакот во комплексот на манастирот. Носител на проектот е НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп.
Рок за реализација: 2013-2017

**Поддршка во изградба на нова џамија во населба Тризла**

За првпат граѓаните на општина Прилеп од муслиманска вероисповест ќе добијат џамија и партерно уредување со зелени површини, осветлување и придружни објекти, која ќе се наоѓа во населба Тризла. Џамијата зафаќа површина од 981 м2. Изградбата на џамијата ќе ја има поддршката на локалната самоуправа.

**Обнова и конзервација на повеќе фасади на објекти кои се прогласени како заштититено културно наследство во Прилеп и за општини за кои е надлежна установата.**

Со обновата и конзервација на повеќе фасади на објекти кои се прогласени како заштититено културно наследство во Прилеп и објекти во општината за кои е надлежна установата, ќе се зачува автентичноста на старата градска архитектура.
Така, во тек е обновата на фасадата на куќата на Бектешовци. Во наредниот период ќе бидат обновени фасадите на старата Прилепска чаршија, зградата на Катастарот, Старата железничка станица и други познати објекти во Прилеп со стара архитектура. Дел од средствата ќе бидат обезбедени од Министерство за култура, а дел од општината. Носител на проектот: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп.
Рок за реализација: 2013-2017

**Реконструкција на објектот на матичната служба**

Целосно ќе биде реконструиран објектот каде што се наоѓа матичната служба во Прилеп.
**Буџет:** 1,5 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013

**Поддршка на проектот Стибера (Чепигово, прилепско), антички град**

Ќе бидат извршени систематски археолошки истражувања на објекти од римскиот период. Проектот ќе биде реализиран во соработка со Министерството за култура.
Рок на реализација: 2015 – 2017.

### Реконструкција на Марковите Кули

Во новиот мандат, предвидена е реконструкција на Марковите Кули, со што ќе се зачува овој споменик – обележје на градот, сведок за богатата историја на Прилеп. Проектот ќе биде реализиран во соработка со Министерството за култура, а покрај тоа ќе се бараат средства и ќе се аплицира до повеќе достапни фондови.
Рок за реализација 2014-2017

### Поставување споменици назначајни дејци и заслужни личности:

- споменик на Блаже Конески,
- споменик „Прилепски бранители“,
- споменик на Круме Кепески,
- споменик на Методија Шаторов – Шарло,

На предлог на граѓаните, општината ќе ја разгледа можноста за поставување споменици и на други истакнати граѓани од културно историското минато на општина Прилеп, согласно расположливите средства.

### Поставување на Занаетчиски порти во старата чаршија

На влезовите од чаршијата во Прилеп ќе бидат поставени занаетчиски порти. На портите ќе бидат насликани/изрезбани старите занаети кои се работеле во Прилеп.
Рок на реализација:2014-2017

## БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Согласно Законот за заштита и спасување ќе ги преземеме следните чекори и активности:

- Имлементација на планот за заштита и спасување;
- Следење на состојбата во реализацијата на донесенеите одлуки од Советот на општината кои се однесуваат на спречување на настанувањето и отстранување на последиците од природните непогоди и други несреќи и
- Редовно следење на акциите за расчистување на локалните патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди (поплави, лизгање на земјиште, град и др.) и други несреќи на подрачјето на општината.

### Систем за безбедност „112“

Системот за безбедност „112“ - преку Центарот за управување со кризи, ќе биде лоциран во Прилеп, во подрачната канцеларија на Министерството за одбрана. Ќе функционира како регионален центар за управување со кризи.

### Проект за реконструкција на противпожарен дом – кај старото индустриско училиште

Во следниот период ќе се направи реконструкција на старото индустриско училиште „Ристе Р. Ричко“ во нов противпожарен дом. Ќе се дисперзира работењето на противпожарната единица во градот, во уште два нови центри кои ќе функционираат, едниот во рамките на касарната „Мирче Ацев“ и другиот во близина на водостопанското претпријатие „Прилепско Поле“. Со ова ќе се овозможи побрзо интервенирање и спречување на поголеми пожари во различни делови од градот.
**Буџет:** 18 милиони денари
**Извор на средства:** буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2015

### Техничко доопремување на противпожарната единица

Во наредниот период, предвидено е техничко доопремување на противпожарната единица со нови возила, особено со помали цистерни за гасење пожари кои ќе можат да пристапат во тесните градски улички, до центарот на градот и до старата чаршија. Ќе се обезбеди нова униформа и опрема на пожарникарите и ќе се постават нови хидранти во градот.

Во наредниот мандат, исто така ќе ги реализираме и следните активности од областа на безбедноста и заштитата:

**Заштита на животните и растенијата:** Ќе направиме напори да има строга контрола во чувањето на шумското богатство и ригорозни казни за сторителите кои недозволено ги сечат шумите и оние кои ги палат.

**Редовно чистење на постоечките одводни канали и по потреба изработка на нови, како и поправка на старите.** Ќе се чистат:
- горниот и долниот дел на градската река;
- собирниот канал во Варош и Тризла;
- собирниот канал на Селечка Река;
- Дабнички канал и
- каналите во Мало Коњари, Големо Коњари, Беровци, Галичани и во другите населени места.

**Заштита од пожари**
- Доведување во функција на опремата за гасење пожари во станбените објекти односно нејзино инсталирање таму каде што ја нема, а е потребно.
- Видно обележување на хидрантите во градот.
- Формирање тело за заштитен противпожарен појас околу градот.

## ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

Локалната администрацијата на ВМРО-ДПМНЕ, во следниот четиригодишен период, планира организирање на курсеви за информатика за младите од општина Прилеп.
Исто така, планирана е реализација и на следните проекти:
- надградба на постојниот и воведување нов софтвер во рамките на општинската самоуправа, со цел да се подобри квалитетот на е-услугите кои им се нудат на граѓаните;
- поставување на е-точки на локации во општината кои досега немале пристап до интернет;
- редовно ажурирање на содржините на веб страната на општината;
- поврзување на интернет-радио со веб-страницата на општината.

## АДМИНИСТРАЦИЈА

**Проект „Систем 48“**
Општина Прилеп, со цел да оствари подобра комуникација со граѓаните, ќе ја продолжи работата на Call-центарот во кој граѓаните можат да ги пријават своите проблеми, барања, забелешки, идеи и предлози за подобрување, а кои се во надлежност на општината. Досега преку овој систем за 2011 година, решени се преку 1.200 дефекти кои биле пријавени од граѓани.
Крајна цел на работењето на овој систем е зголемување на транспарентоста на јавно достапните услуги кои ги нуди општината, подобрување на нивниот квалитет и професионално решавање на пријавените проблеми.

**Проект „ Мрежа – развој + “**
Целта на овој проект е зголемување на бројот на високообразовни кадри, квалификувани млади луѓе на пазарот на трудот. Преку имплементација на овој проект ќе се воспостави електронска база на податоци, која ќе се состои од две компоненти. Првата компонента ќе содржи податоци за млади образовани луѓе, а ќе им се помогне да се промовираат на пазарот на трудот, со што значително ќе се намалат трошоците за барање работа во самите фирми. Другата компонента ќе треба да им помогне на претприемачите во огласувањата за слободни работни места и можностите за стажирање. Како дел од овој проект, предвидени се и конкретни програми за обуки наменети за штотуку дипломираните кадри.

**Проект „Работен инкубатор“**
Со реализација на овој проект ќе овозможиме создавање можности за вработување на младите луѓе. Работниот инкубатор ќе биде сместен во просторија што ќе ја обезбеди самата општина, а ќе се користи без паричен надоместок.
Работниот инкубатор ќе овозможи целосна поддршка на новосоздадените фирми, како и на фирмите во развој, вклучувајќи ги тука менаџерските, техничките и советодавните услуги, користење на работниот простор, уредите, опремата. Работниот инкубатор ќе биде во можност да опслужува истовремено пет до седум мали и средни претпријатија. Еден од условите за користење на инкубаторот ќе биде претприемачите да вработат определен број млади луѓе и да воспостават програма за

стажирање. Овие активности би се регулирале со Договор. Исто така, овој проект ќе се реализира во соработка со определени здруженија на граѓани кои работат во оваа област.

**Проект: Барање податоци по службена должност**

Ќе воведеме (строго) правило според кое управните органи сами ќе бараат податоци од службените регистри и нема да се бара од граѓаните да доставуваат податоци кои се чуваат во службените регистри. Со оваа мерка ќе се воспостави едношалтерски систем во вистинска смисла на зборот. Граѓанинот ќе треба да пополни само едно барање до институцијата од којашто ја бара услугата, а останатите потребни документи, доколку ги има во службените регистри на која било друга државна институција, самата институција, по службена должност ќе ги обезбеди. Нема повеќе да се чека пред повеќе шалтери за да се реализира своето граѓанско право.
ВМРО-ДПМНЕ, на локално ниво, во општина Прилеп постепено ќе инвестира во информатички технологии, со цел сите институции електронски да се поврзат и сите потребни информации да ги добиваат со размена на информации по електронски пат.

**Проект: Електронско управување со документи**

Институциите во државната управа ќе се автоматизираат и модернизираат со примената на информатичките и на комуникациските технологии, со што ќе прераснат во ефикасни и транспарентни институции. Повеќе нема да има скриени предмети по фиоки. Целиот процес на следење на движењето на документите низ институцијата, ќе се одвива електронски. Во секој момент градоначалникот или раководното лице во општината ќе има можност од својот компјутер да следи како се решаваат предметите, кој го работи предметот, дали се роковите пробиени и друго, што секако ќе се одрази позитивно врз квалитетот и рокот на решавање на предметите на граѓаните и фирмите.

**Проект „Електронски услуги на Општината“**

Користејќи го позитивното искуство од воведувањето на системи за електронско плаќање даноци, добивање увозно-извозни дозволи, пријавување вработени и други електронски портали, ќе го промовираме воведувањето на електронски услуги кај локалната власт. Во соработка со општините и ЗЕЛС и согласно нивните капацитети ќе реализираме Проект за електронско аплицирање и добивање лиценци, дозволи, решенија, согласности и други јавни услуги кои се во надлежност на општините. Меѓу позначајните документи се: потврда за платен данок на имот, извод од урбанистички план, решение за локациски услови, одобрение за градење, одобрение за употреба, решение за издавање лиценца за општински линиски превоз, решение за издавање лиценца за такси автопревоз, дозвола за поставување на натписи и рекламни табли и други написи, како и други дозволи во надлежност на општините.
Рок за реализација 2013 – 2017

**Продолжување на проектите „Отворен ден за граѓаните“ и „Ден за идеи“**

Ќе ја продолжиме практиката на организирање „Ден за идеи“ и „Отворен ден“ за граѓаните на општина Прилеп, со цел да го одржуваме дијалогот со сите заинтересирани граѓани и да ги сослушаме нивните идеи и сугестии, како би се подобриле работењето на општинската админстрација и квалитетот на услуги кои ги испорачуваме за нашите граѓани.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Унапредување, интензивирање и продлабочување на веќе воспоставената соработка со општините од други држави и воспоставување на меѓународна соработка со нови општини и градови.
Значајна енергија ќе биде внесена и во процесот на меѓународна промоција и претставување на општина Прилеп на глобални и регионални меѓународни настани, саеми и семинари со цел привлекување на странски инвеститори во областа на туризмот, индустријата, земјоделието, културата и спортот што ќе резултира со креирање на услови за подобрување на стандардот на граѓаните, отворање нови работни места, зголемена економска активност на општината.

**Збратимување со други општини**

Општина Прилеп ќе продолжи со збратимување со други општини од Европа, со цел размена на искуства, економска, културна, спортска соработка, како и можноста за изработка на заеднички проекти и аплицирање при достапните европски фондови од програмата на збратимени градови.

**Одржување контакти со општините од соседните држави**

Поради можноста за аплицирање за проекти од меѓународни фондови од ЕУ, ќе ја продлабочуваме соработката со општините од соседните држави.

**Одржување и зајакнување на контактите со дијаспората**

Во места каде што има прилепчани по потекло, се предвидува отворање на прилепски македонски друштва, со цел да се одржуваат контактите со родниот крај и отворање можности за инвестирање и промоција на Прилеп и Македонија во Европа и во светот.
Така, ќе се формира Клуб на истакнати Прилепчани кои живеат, работат и творат во странство, со претставници од академската фела, од бизнисот и уметноста.